| книга | едиција | автори | |
|---|---|---|---|
| 1 | градот | 13 автори | |

наслов — поднаслов: разговори и сатири за проектот „скопје 2014“

# НЕРЕД И ГРОТЕСКА

издавач: темплум & плоштад слобода

година: 2010





ПРИФАЌАЈЌИ ЈА СВОЈАТА НЕСРЕЌА,
СЕ УНИШТУВАМЕ САМИТЕ СЕБЕСИ.

ДЕЈВИД МЕМЕТ

Уредник на едицијата: Никола Гелевски
Графичко уредување и дизајн: Кома

Издавачи:
„Темплум“ и „Плоштад слобода”

www.templum.com.mk
templum@t-home.mk

Издавањето на книгата е поддржано од Фондацијата Институт отворено општество - Македонија

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

CIP – Каталогизација во публикацијаНационална и универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“, Скопје

711.4(497.711)(049.3)

НЕРЕД и гротеска : разговори и сатири за проектот "Скопје 2014". - Скопје : Темплум, 2010. - 46 стр. ; 21 см. - (Едиција Градот ; кн. 1)
а)“Скопје 2014“, проект – Ставови и мислења

ISBN 978-9989-189-68-5
COBISS.MK-ID 82187274

едиција
ГРАДОТ

книга
1

13 автори

# НЕРЕД И ГРОТЕСКА

## разговори и сатири за проектот „скопје 2014“

„Темплум” и „Плоштад слобода”
Скопје, март, 2010

# содржина


разговор со Георги Константиновски
Лоши насоки 9

Владимир Петрушевски
Лик по мерка на човек 15

разговор со Борис Чипан
„СК 2014“ не е дел од нашата традиција! 18

Јован Ивановски
Разубавизатор, верзија 2014 25

разговор со Јасмина Сиљаноска
Духовна импотенција 29

Пандалф Вулкански
Архитортура и гробализација 35

разговор со Минас Бакалчев
Архитектурата е загрозена 41

Ирена Цветковиќ
Една вечер со господин Томиќ 50

разговор со Минас Бакалчев
Надвор од реалното време 55

Копач
Писмо до Шехерезад 61

разговор со
Сузана Милевска
Естетските аргументи не се доволни без етичките 65

Копач
The Night at the Ploshtad: Битката на скулптурите 72

разговор со
Небојша Вилиќ
Скопје умира од невкус 78

Арвидас Кртина
Скопје 2024 91

разговор со
Ана Ивановска
Неред и гротеска 97

## предговор

Со оваа книга започнува новата едиција „Градот“, посветена на новите урбани културни политики. Поттикот и за книгата и за едицијата е несреќниот проект „Скопје 2014“ пред два месеци, низ видео спот, промовиран од Владата на Република Македонија. Колку тој проект е несреќен и длабински промашен повеќе-помалку зборуваат педесетината текстови објавени во првите три книги на едицијата.

При подготовките на книгиве една од поважните забелешки беше следнава: зошто не ги пренесуваме и ставовите на авторите на проектот и на луѓето кои го одобруваат? Одговорот е прост: авторите на проектот се тајни; нема со кого да се полемизира. А што се однесува до незастапеноста на „другата страна“ има многу причини зашто во книгава ги нема апологетите на архитектонските проекти на ВМРО ДПМНЕ; најголемата причина е тоталитарната природа на актуелната македонска власт. Тоталитарно, во случајов, значи тотално неотстапување од замисленото и наполна игноранција на сите спротиставени мислења, без разлика дали се експертски или едноставно граѓански. Во таквата поставеност на работите, кога власта невидено силеџиски ги наметнува своите политички агенди (многу често тајно, зашто проектот „Скопје 2014“ се одвива од 2006, како што призна Мартин Протоѓер, а се промовира во 2010, како свршен чин) нема никаква логика ионака узурпираниот и корумпираниот јавен простор дополнително да го загадуваме со платените мислења на тезгарошите и на исплашените.

Најпосле, до кога ќе ја тераме таа лажна рамноправност, дека и игнорантот и експертот имаат подеднакво право да коментираат и одлучуваат за важни општествени прашања кои треба да бидат заштитени од политички и популистички манипулации и злоупотреби? Зошто да му дадеме рамноправен простор на некој што го сметаме за деструктивен, глуп и изманипулиран од моќта? Ние, издавачите на книгава, држиме до тоа дека не се рамноправни сите ставови и мислења, иако сите луѓе законски се еднакви. Како што вели адвокатот Срѓа Поповиќ, секој има право, пред законот, да го соопшти своето мислење,

но тоа не значи дека сите искажани мислења се еднакви. Таквата еднаквост не постои. Секогаш ќе постојат подобро аргументирани мислења, како и глупави, пропагандни или празни мислења. Постојат и објективни начини да се процени заснованоста на некое мислење. На пример, кредибилитетот на личноста. Неговата биографија. Неговата стручност. Нивото на општото знаење. Оној што лажел еднаш - голема е веројатноста дека ќе лаже пак.

Всушност, да го парафразираме Поповиќ, она што на изврртувачите и на силеџиите најмногу им пречи во нашето мислење е што ние ја носиме вистината за нашиот современ миг, за владеењето на Груевски. Таа вистина е страшна и многумина луѓе би замижале пред таа вистина. Но, замижувањето нема да нè спаси. Напротив. Тоа мижење (од страв, од комфор...), само ќе го зголеми нашето пропаѓање. Заради тоа и решивме не само да не мижиме туку и отворено да зборуваме за она што го гледаме и чувствуваме.

Ја покренуваме оваа нова едиција на граѓанскиот отпор и зашто се обидуваме да го шириме учењето дека главната карактерна црта на слободниот граѓанин, според Хана Арент, е храброста; но не исклучителниот хероизам на Ахил или дури дрската неустрашивост на некои од нашите партизани, туку просто секојдневната спремност да се напушти „приватното засолниште" и да се говори и дејствува во јавноста, да се раскрива и изложува сопственото мислење. „Храброста е политичка доблест од највисок ред, но тоа не е онаа храброст која стои наспроти кукавичлакот туку повеќе онаа која стои наспроти стравот од неизвесното."

***

**Им должиме голема благодарност на авторите што љубезно ни ги отстапија текстовите, како и на медиумите од каде што текстовите ги преземавме (Утрински весник, Дневник, Окно, Глобус, Сега, Нова Македонија, Фокус, Капитал и блогот pab. blog.com.mk).**

*издавачите*



# разговор со Георги Константиновски, архитект

разговорот го водеше: Билјана Ангеловска

1

## лоши насоки

**Во кој правец, според Вас, се движи архитектурата во Македонија?**

→ Македонската архитектура, денеска, општо земено, се движи во погрешен правец. Погрешен зашто оваа архитектура што сега се произведува не е одраз на современата светска архитектурата, туку повеќе е одраз на некакви индивидуални замисли на архитектите кои не се вклопуваат со она што се случува во светот. Како пример е улицата „Партизанска“, на која може да се видат објекти кои немаат никаква врска меѓу себе, а целата улица како композиција е дури смешна. Во европските градови постои хармонија на објектите, улицата е пријатна, а секој објект со другиот се „држи“ и иако се разликуваат еден од друг, сепак, меѓу себе се поддржуваат во поглед на височина, на примена на материјал, на естетско обликување на фасадата...

Македонската архитектура оди во сосем погрешен правец со таканаречената антиквизација. Со копирањето антички стилови во ниеден случај не може да ја достигне архитектурата која била порано. Бидејќи, секоја копија е имитација, не е оригинална работа. Ако сакаме да измислиме македонска, национална архитектура, ова е комплетно погрешно и за мене глупаво. Големото мајсторство на архитектите е тоа што секој архитект треба да тежнее да направи архитектура која ќе ги надмине досегашните максимални остварувања во современата архитектура. Тука е големиот потег на архитектот, а не во копијата.

- **Значи, Вие сте против примена на антички елементи во македонската архитектура?**

→ Јас сум комплетно против антиквизацијата на македонската архитектура. Па и Грците, од каде што произлегува таа архитектурата, не ги прават тие глупости. Под самиот Акропол изградија најмодерен музеј во кој ги изложуваат своите антички предмети. Значи, не прават имитација на нивната античка архитектурата, туку современа архитектура и за тоа ангажираат врвно име однадвор. Денешниот архитект треба да биде над денешното време за да создаде нешто што ќе остане за во иднина, а не да се враќа во античко време.

Не се враќаме само во античко време, туку и во поновата историја, бидејќи се градат објекти со лушпа на старите градби!

Тоа е ехо на старата архитектура, на времето кога се градеше театарот, Офицерскиот дом, банката. Во тоа време таа архитектура беше современа и врвна. Театарот беше граден многу години со врвен стил и на него работеа шестмина архитекти. Банката беше од еден многу познат белградски архитект. Но, со сегашната архитектура на некогашната банка се прави карикатура од објектот. Не личи на ништо.

- **Дали изгледот на објектот е дело на самиот архитект или, пак, е наметнат од инвеститорот? Кој одлучува како ќе изгледа објектот?**

**МАКЕДОНСКАТА АРХИТЕКТУРА ОДИ ВО СОСЕМ ПОГРЕШЕН ПРАВЕЦ СО ТАКАНАРЕЧЕНАТА АНТИКВИЗАЦИЈА. СО КОПИРАЊЕТО АНТИЧКИ СТИЛОВИ ВО НИЕДЕН СЛУЧАЈ НЕ МОЖЕ ДА ЈА ДОСТИГНЕ АРХИТЕКТУРАТА КОЈА БИЛА ПОРАНО.**

→ Не сакам да ги критикувам многу архитектите. Тие можеби и не се толку виновни, оти им се наложува така да проектираат. Кога работат за државни институции, им се наложува во проектот да се вметне нешто античко.

**Зошто не се спротивстават?**

→ Прво, денешните архитекти кои се сега како водечки, во однос на она што го поседуваме како квалитет, всушност, се архитекти на трето или четврто ниво, не се прва, па ни втора класа архитекти. Не се толку познати, претходно се занимавале можеби со ентериери, а сега стануваат главни архитекти зашто се блиски можеби по партиска линија на денешните власти што влијаат на архитектурата и инсистираат на антика. Сега на тие архитекти им се дава шанса да изведуваат објект. А, тој како архитект, сака да дојде до израз, да избие на површина. Можеби и толку умее. Затоа се такви објектите. Особено оној на Вардар со полулачни форми на прозорци, што не можам да го сместам во некој архитектонски стил, освен во стилот на глупоста. Ние Скопје сега го упропастуваме со новите градби. Наместо да чекориме напред со новите градби паралелно со светската архитектура, се враќаме назад и правиме глупости.

**Тогаш каде е грешката, во конкурсите, во изборот на решението или, едноставно, толку знаеме?**

→ Наместо да се распише интернационален конкурс за да се добие вредно дело, ние се залажуваме. Се распишуваат интернационални конкурси, па се изигруваат странците, се става жири-комисија која воопшто не е достојна да ги оценува оние од конкурсот. Оние што седат во оценувачката комисија, во најмала рака, треба да бидат на рамниште на учесниците, а нормално би било да бидат една скала повисоко за да можат да оценуваат. А, тие се тотално непознати луѓе, вработени во министерствата. Затоа ни е градот таков каков што ни е.

**ДЕНЕШНИТЕ АРХИТЕКТИ КОИ СЕ СЕГА КАКО ВОДЕЧКИ, ВО ОДНОС НА ОНА ШТО ГО ПОСЕДУВАМЕ КАКО КВАЛИТЕТ, ВСУШНОСТ, СЕ АРХИТЕКТИ НА ТРЕТО ИЛИ ЧЕТВРТО НИВО, НЕ СЕ ПРВА, ПА НИ ВТОРА КЛАСА АРХИТЕКТИ. НЕ СЕ ТОЛКУ ПОЗНАТИ, ПРЕТХОДНО СЕ ЗАНИМАВАЛЕ МОЖЕБИ СО ЕНТЕРИЕРИ, А СЕГА СТАНУВААТ ГЛАВНИ АРХИТЕКТИ ЗАШТО СЕ БЛИСКИ МОЖЕБИ ПО ПАРТИСКА ЛИНИЈА НА ДЕНЕШНИТЕ ВЛАСТИ ШТО ВЛИЈААТ НА АРХИТЕКТУРАТА И ИНСИСТИРААТ НА АНТИКА.**

➔ **Но, Градот има проблем и со урбанизмот. Кој ја крои урбани стичката иднина на градовите?**

→ Урбанизмот е во најголем колапс од кога постои државата, зашто ние моментално немаме стручњаци урбанисти, туку според тоа како се однесуваат кон просторот, тоа се приучени урбанисти. Она што се случува во Скопје се пресликува и во помалите градови. Порано Скопје важеше за еден од најубавите градови во поранешна Југославија, некои дури сметаа дека е поубав и од Сараево. Тоа беше во 70-тите и 80-тите години, кога беше процутот на македонската архитектура. Градот беше прекрасен, на него работеа големи светски архитекти урбанисти, со визија. Денеска ништо од тоа не се почитува.

➔ **Дали Скопје ќе било поубаво доколку се почитувал предлогот на Кензо Танге и она што било предвидено со првиот ГУП изготвен од првиот градоначалник Јосиф Михајловиќ?**

→ Јосиф Михајловиќ во своето време беше прогресивен архитект, кој направи многу за Скопје, можеби најмногу од сите други градоначалници. Но, не можеме да кажеме дека од негово време можеме сега да аплицираме нешто како идеја, зашто сме отидени напред во развојот на цело општество. Но, многу работи од она што се работеше по земјотресот, од големите стручњаци како што е Танге, требаше да се почитуваат. Еден од главните елементи е Јужен булевар, а таму сега има сервиси за миење возила и други објекти. Таа магистрала ќе значеше многу за Скопје, беше стратегиска сообраќајница. Ако се случи каква било несреќа и да треба да се евакуира

градот, нема каде, бидејќи градот е блокиран. На тоа не се размислува воопшто.

**СЕ РАСПИШУВААТ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ КОНКУРСИ, ПА СЕ ИЗИГРУВААТ СТРАНЦИТЕ, СЕ СТАВА ЖИРИ-КОМИСИЈА КОЈА ВООПШТО НЕ Е ДОСТОЈНА ДА ГИ ОЦЕНУВА ОНИЕ ОД КОНКУРСОТ...**

**Како ги коментирате објектите што се предвидени да се градат на плоштадот, црква, фонтана, скулптура, катна гаража, хотел...**

→ Тоа е сè моментален излив на некакви амбициозни замисли и проекти, кои воопшто не се природни и поврзани со реалноста на нашиот живот.

**Но, тие замисли кога-тогаш ќе станат реалност.**

→ Најголемата трагедија ќе биде кога ќе станат. И со урбанистичкото решение на Кензо Танге и плоштадот и крајбрежната зона беа решени, само не се почитува тоа. И студентите што се побунија не се бунеа поради црква, туку поради објект кој не соодветствува во таа зона. Сега слушам ќе се враќале коцките. Тоа, исто така, е голема глупост. Не знам кој е интересот да се урива ова прекрасно поплочување на плоштадот и да се воведуваат коцки од турскиот период. Правење објекти кои биле порано е уништување и упропастување на плоштадот. Искрено, не гледам дека може да се спаси плоштадот. Нема никаков план, нема идеја за согледување на иднината. Живееме во чуден период од архитектонска гледна точка. Катастрофална грешка е што се дозволи да се менува ГУП спрема потребите на општините. ГУП се менува на десет, дваесет години и секој ДУП мора да се приспособува кон него. Сега, секој градоначалник си дава за право да прави што сака, како од него да почнува сè. Тие луѓе треба да се земат на одговорност поради тоа што преземаат погрешни потези што го уништуваат градот.

**Кој да ги земе на одговорност? Архитектонската фела е безгласна, нема никаква реакција ниту од Сојузот ниту од Академијата на архитекти!**

**ПРАВЕЊЕ ОБЈЕКТИ КОИ БИЛЕ ПОРАНО Е УНИШТУВАЊЕ И УПРОПАСТУВАЊЕ НА ПЛОШТАДОТ.**

➔ Точно. И јас сум и во Сојузот и во Академијата. Зошто се случува тоа? Едноставно, земете го примерот со студентите што излегоа на плоштад и беа тепани. Секој архитект се плаши да го изрази своето мислење. Не знам дали ќе има некакви последици сега за мене или за моето семејство. Но, не можам да останам рамнодушен на ова што се случува. Јас сум длабоко засегнат од тоа.

➔ **По сето она што се прави во Скопје дали мислите дека има спас за главниот град.**

➔ Мислам дека има. Треба народот да тргне и да го запре ова. Само народот, нема кој друг. Полицијата е во рацете на власта, значи на оној што го прави ова. Треба на некој начин и меѓународната заедница да биде информирана. А, сигурно е информирана, затоа не ни се испраќаат позитивни сигнали, само негативни забелешки добиваме.

„Утрински весник", 31.12.09.

**Георги Константиновски** *(78) е еден од најпознатите архитекти-проектанти што оставил длабоки траги во македонското архитектонско творештво. Архивот на Скопје, студентскиот дом „Гоце Делчев", ИЗИИС, палата „Унија", палата „Кузман Јосифовски-Питу", потоа Спомен-домот на Разловечкото востание и архивите во Охрид и во Штип, се делата што ја отсликуваат неговата естетска, архитектонска и градителска големина. Автор е на три капитални книги „Градителите на Македонија". Професионалниот живот на Константиновски е нераскинливо врзан со Архитектонскиот факултет. Се вработил како 18-годишно момче кога е отворен факултетот во 1949 година и за сите овие години низ неговиот кабинет дипломирале илјадници студенти. Во пензија е од 1995 година, но и натаму е најредовниот професор на факултетот.*

владимир петрушевски

2

# лик по мерка на човек

Пресреќен сум што конечно моето Скопје ќе добие лик по мерка на човек... или по мерка на повеќе луѓе, зашто таков проект со кој директно се обезбедува место во листата на бесмртните, сепак, не може да направи само еден човек. И среде тој изблик на еуфорија, ми текна (со ништо непредизвикано, онака, сосема случајно) на една стихотворба со која мајка ми ме успиваше кога... ми беше возраста за приспивни песни, се разбира.

За и јас да дадам некаков придонес кон нашата заедничка култура (зашто и преведувачката дејност е дел од културата, нели?), направив напор да ја препеам песната. Веднаш да кажам, препевот е малку слободен. Искрено, за моето Скопје и за да искажам почит кон неговите современи ктитори би направил и многу повеќе, кога само би можел.

Следува мојот обид...

## Свиња реформатор

Ноќ е црна, нема, глува,
бавча нема кој да чува.
А сред бавча, цветна, чедна,
се појави - свиња една!
Сегде пули, сегде мери,
па започна да се цери:
„Пусти луѓе, в умот мали,
не гледаат што им фали.
Тревиштево, што им даде?
Не може ни да се јаде!
Саде ружи, цветој бројни
и лалиња разнобојни.
Сал никаде тиква нема
или лејка јас да земам...
Барем да е цвет до цветок,
ред да има и поредок;
тука ружи, таму бокор,
саде збрка, јад и покор.
Стојте луѓе, празни глави,
погледнете што ум прави,
ќе сфатите колку вредам
бавча кога ќе ви средам!“.
Ноќ е црна, нема, глува,
бавча нема кој да чува...
Да ми ‘рмба, свиња фати,
трева кине, лисје трати.
По леите рова, рие,
кај што стапна - сè ќе згние!
Цвеќе сотре свиња луда
и направи триста чуда!
Денок светол дури самна
бавчата се стори гламна.

*Милорад Митровиќ Шапчанин (1902, Пригодни песни)*

„Дневник“, 13.02.10.

**Владимир Петрушевски** - *Фили е редовен професор на скопскиот Природно-математички факултет (Институт за хемија). Автор е и на три прозни книги:„Викенд во Охрид“, „Суштества“ и „ЈНА“.*

*Порано имаше долга коса и долг нос, а сега има кратка коса и уште подолг нос (закон за запазување на вкупната должина?).*

*Кога е расположен, знае да оди со кондури на рацете... ама тоа му се случува се поретко. Има 55 години, ама се до проектот „Скопје 2014“ се чувствуваше двојно помлад.*

# разговор со борис чипан, архитект

разговорот го водеше: Катарина Стојанова

3

# „СК 2014“ не е дел од нашата традиција!

**Во книгата „Моето време во македонската архитектура“, објавена во 2008 година, една од вашите осум книги, како да го предвидовте ова што денеска му се случува на Скопје, поточно она што деновиве го видовме на презентацијата на проектот „Скопје 2014 година“. Кој од објектите што го видовме најмногу ви боде очи?**

→ Триумфалната капија, секако. Прикажувањето на оваа триумфална форма во оваа презентација за мене претставуваше навистина бизарна и сосема неочекувана појава. Не знам кој триумф ќе биде запишан на овој објект. Триумфалната капија може да претставува само туѓ триумф. Ние, низ нашата историја, немаме никаква врска со ваква симболика.

Ако треба, таа капија треба да се дополни со релјефи од триумфи, како што е вообичаено со таквите творби, кој триумф ќе го овековечат? Антифашистичката борба и победа, или битките на Александар Велики?

> **ОВА ШТО СЕГА Е ПРЕЗЕНТИРАНО, ЈАС ТВРДАМ ДЕКА НЕ Е НИТУ КЛАСИЦИЗАМ, НИТУ БАРОК, НИТУ РОКОКО, НИТУ АКАДЕМИЗАМ. ОВА Е ЕДЕН НАЈБЕДЕН ГАЛИМАТИЈАС, КОЛАЖ ОД ЕЛЕМЕНТИ НА НЕКАКВИ КЛАСИЧНИ, ПОМИНАТИ СТИЛОВИ. ЗНАЧИ, ДУРИ НИ КАКО КОПИЈА НА НЕКОЈ СТИЛ, ОВА НЕ Е ИЗДРЖАНО.**

Единствен наш вистински триумф од поновата историја е антифашистичката борба. Ако се оди подалеку во историјата, можеби ќе го постават Александар Велики, чиј саркофаг се наоѓа во Истанбул. Како и да е, ова е сосема неочекувана појава и не ѝ е местото во градов.

➔ **Каков град создава оваа власт? Која е целта на проектот „Скопје 2014“?**

→ Несомнено е дека градовите ги создаваат власта, раководителите на општествата. Меѓутоа, тука е многу битно какви се тие раководители. Ако се интелигентни и добри, тие ќе изберат и добри соработници. А ако се помалку интелигентни, тогаш се потпираат на полтрони. И такви примери во историјата има многу. Хитлер и Сталин, на пример, се појавуваат кога модерната архитектура веќе беше зрела за освојување на светот. Тие тогаш се вратија назад, бидејќи архитектурата на академизмот и класицизмот им одговараше повеќе за глорификација на нивното владеење. И тие ја запоставија модерната архитектура, за подоцна таа сепак да продолжи да се надградува, дури до степенот на архитектонскиот развиток, кој се вика деконструктивизам. Развитокот на технологијата не може да запре, па така е и со модерната архитектура.

**➡ Дали со овие стилови на новите градби кои ќе се најдат во центарот на Скопје одиме во иднината или се враќаме во минатото? Колку овие стилови се блиски на нашата традиција и дали биле присутни низ вековите на овие простори?**

→ Секој гради во своето време. Покажи што можеш денеска, да придонесеш со нешто ново во развитокот на градот, а не да манипулираш со стари инструменти. Од тој аспект, ова што е презентирано сега, јас тврдам дека не е ниту класицизам, ниту барок, ниту рококо, ниту академизам. Ова е еден најбеден галиматијас, колаж од елементи на некакви класични, поминати стилови. Значи, дури ни како копија на некој стил, ова не е издржано.

НАШАТА МОДЕРНА Е ПРЕЗЕНТИРАНА, ДУРИ И ВМЕШАНА СО НАШАТА ТРАДИЦИЈА.

Корбизие, многу познато име во историјата на архитектурата, рекол: „Ако сакате дома да залепите слика на ѕидот, подобро е да извадите копија од некој добар оригинал, отколку оригинал кој не е добар“. Во нашиов случај, парафразирајќи го Корбизие, би рекол дека ќе беше подобро да видевме еден чист барок, иако кај нас барокот никогаш не бил традиција, или нека биде и ренесанса, ама подобро вистинска ренесанса, наспроти овој колаж од елементи кои не прават симфонија, туку обратно, прават дисхармонија. И затоа мислам дека ова што сега е презентирано како архитектура, не е она што му треба на Скопје.

**➡ Во Вашата книга се забележува дека негувате остра критика кон урбанистите. Во еден дел велите дека и со целосна реализација на Големиот ринг, нема да се реши хаосот во центарот на Скопје.**

→ Поновите теории за овој проблем велат дека метежот не може да се реши со проширување, туку напротив, со стесну-

вање на улиците, па така автомобилот сам ќе се принуди да бара други обиколни патишта.

Од друга страна, од урбанистички аспект, проблемот е што на еден мал простор, кој е веќе ступкан околу Камени мост, од едната и од другата страна, на тој мал простор се внесува една програма која го надминува капацитетот на тој простор. И така, доаѓаме на крајот и до тоа да се прашуваме што ќе биде со третата секвенца, со инфраструктурата!?

Таму ќе се насоберат уште повеќе автомобили отколку што имаме сега. Таму ќе бидат потребни големи интервенции во подземната инфраструктура - канализација, електрика и други инсталации - и тогаш, јас навистина не знам што ќе стане со тој зафат. Велат дека тоа е евтино. Меѓутоа, она што погрешно се прави секогаш е многу поскапо, од она што се прави со сите претходни истражувања, со сите претходни неопходни проекти.

**➔ Колку транспарентно се води целиот овој проект?**

→ Градоначалникот вели дека имаме стручњаци, а не кажува кои се тие. Министерката вели дека проектирањето е транспарентно и преку конкурси, со објективно жирирање, а не ги кажува имињата на тие што биле во жири, па ниту тие кои се автори на проектите. Знаејќи го, како стар професор, целиот еснаф, архитектонски и урбанистички, јас не можам да проценам кое име стои зад тие проекти.

Јас ги познавам двајцата веќе огласени архитекти. Едниот е Вангел Божиновски, кој ги брани овие потези на денешната власт и ги брани со доста аргументација. Меѓутоа и тој овде не си дозволува категорички да се изјасни за овој проект и за оваа архитектура. И Жан Стефановски, архитектот кој е многу плоден и многу познат, кој создавал и современи дела, одеднаш, како консултант на градоначалникот, ја поддржа оваа презентација и постојано потенцира дека треба да се

гради. Меѓутоа, за квалитетот на архитектурата не си дозволи да каже ниту збор. Тој има направено згради во еден современ и ефикасен стил. Одеднаш, тој сега е принуден да му повладува на градоначалникот и да премолчува.

**Зарем порано било поинаку?**

→ Таква е судбината на градовите низ историјата. Ако си информиран и ако избереш соработник каков што треба, тоа што ќе биде направено во твое име, ќе остане како квалитет. Во друг случај, ќе остане како срамота.

Од скоро време, имаме неколку добри примери, за добро општествено раководство. Претседателот Франсоа Митеран, кој имаше прекар Сфинга, бидејќи беше голем љубител на египетската архитектура, нареди да се направи најновиот влез во Лувр во облик на пирамида. И затоа избра способен и добар архитект, Американец од кинеско потекло. Но, тој не му направи пирамида од камења, туку од стакло. Гледам, во презентацијата за Собранието има стаклени куполи. Добро е да имитираш добар пример, меѓутоа да правиш неуспешна комбинација од стилови, тоа е најлошиот избор.
Јас сум учествувал на неколку конкурси за уредување на плоштадот и можам да ви кажам на тие конкурси има едно големо богатство на решенија, тука има имиња познати и во светски размери. Во Градскиот архив тие веројатно стојат, па би било добро да се прегледаат. Подобро е да изберат еден од тие проекти, отколку сега да го прават плоштадот со реконструкција на Офицерскиот дом и на Стариот театар.

**Реконструкцијата на стариот театар, на Офицерскиот дом и на зградата на Народната банка, во својата книга ги нарекувате „архитектонски хибриди“. Зошто?**

→ Таа традиција не е наша, таа е српска. Офицерскиот дом беше срушен и не треба да се обновува, тој не спаѓа во на-

ша традиција. Така беше и со банката. А еве, сега се гради и Стариот театар. Не е тоа Стариот театар, туку нешто сосема друго...

**Во еден дел од книгата велите дека градоначалникот Ристо Пенов направи преседан. Изведе поплочување на плоштадот и ја исече историската алеја од стари диви костени. Плоштадот се рашири прекумерно, создавајќи пустелија, без интимната мера на човекот пешак. Колку жалите за тој плоштад?**

→ Плоштадот денес нема хумана димензија, човекот во него се губи како во пустелија. Најголем гаф е што ја уништија таа алеја од диви костени. Плоштадот не е тоа што треба да биде, ако човек во него не може да се чувствува како во свој дом. Плоштадот беше невин. Ако овој плоштад има хумана пропорција и ден денешен во еден пристоен амбиент ќе се собираат луѓето, пензионерите, младите...

**А каде исчезна модерната архитектура, која беше карактеристика на постземјотресно Скопје?**

→ Нашата модерна е презентирана, дури и вмешана со нашата традиција. Едниот објект е оној на Владата, кој е сосема модерен и современ објект. По модерната доаѓа современата архитектура, која ја споредувам со фина асоцијација со охридската куќа. За мојот објект на МАНУ други ми кажаа дека асоцира на конаците на манастирот „Свети Јован Бигорски“. Тоа покажува дека ако имаш добри познавања на својата традиција, потсвесно тоа влијае врз идејата што ја создаваш. Традицијата изразена во архитектурата може да биде само нешто кое спонтано излегува од човекот, од потсвеста.

**Коњаницата предвидена**

Ако се обновуваат Офицерскиот дом и зградата на Народна банка, ќе недостигаат коњаничките скулптури на српските кралеви пред Камени мост, за да биде комплетна таквата реконструкција на овој простор. Бидејќи во таквите згради ќе бидат внесени нови содржини, на коњите ќе треба да се качат Александар Македонски и Самоил, или за да биде современо, можеби и некои херои од сегашната македонска транзиција.

**од книгата на Чипан, „Моето време во македонската архитектура“, 2008 г.**

**Да се остане запаметен**

Секоја власт сака зад себе да остави нешто по што ќе биде запаметена. Секој властодржец сака да биде вброен во заслужните луѓе на градот. Меѓутоа, тоа не успева секогаш. Љубчо Георгиевски, на пример, го направи Плаошник, но со многу неправилности и импровизации. Но, ете, тој функционира и привлекува посетители. По него Ристо Пенов од Старата железничка станица сакаше да направи градска куќа, но од тој конкурс ништо не стана. Се појави како инцидент идејата за градска куќа во облик на стариот Офицерски дом. Не знам, го разбирам тој порив кај луѓето да сакаат да оставаат нешто зад себе, но сепак треба да се внимава да се направи нешто добро.

„Сега“, 11.02.2010.

*Најстариот професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, автор на зградата на МАНУ, реставратор и конзерватор на црквите „Света Софија“ во Охрид и „Свети Пантелејмон“ во Нерези, има 92 години. Неговото нарушено физичко здравје не ѝ пречи на неговата прецизна мисла, со која се впушта во остра критика на проектот „Скопје 2014“, но и на пристапот на македонските политичари кон градителството воопшто.*

# Јован Ивановски

4

# разубавизатор, верзија 2014

Конечно добра вест за сите оние кои сѐ уште не можат да се идентификуваат со физичкиот простор на градот во кој живеат! Локалната индустрија на имагинарното, минатата недела ја промовираше својата најнова симулациска алатка, соблазнувачки именувана како: Разубавизатор 2014.

Предноста на оваа во однос на другите апликации од ваков вид е дека таа работи во реално време и врз реален простор, овозможувајќи им на своите корисници на неверојатно лесен начин да „разубават“ кој било од градските простори кои ги сметаат за неоформени, неавтентични, безлични или нефотогенични. Во моментот, апликацијата е оперативна само за централниот простор на главниот град, од проста причина што најмногу од гејмерите живеат токму во Скопје, град кој и историски претставува производ на многу разубавизации. И покрај несомнениот напор да се направи апликација со по-

мош на која Скопје конечно би било разубавено на ниво на посакувана европска метропола, Разубавизатор 2014 не поседува ниту едно мени преку кое можете да интервенирате во вообичаените метрополитенски параметри: ефикасна транспортна инфраструктура, соодветни социјални и образовни институции, зелени ресурси, комунална чистота, култура на однесување. Со исклучок на можноста институционално да се унапреди културната понуда на градот (апсолутно корисно мени), разубавизаторот воопшто не се придвижил подалеку од квазиисторицистичкото, споменично-сценографско преобликување на јавниот простор во центарот на градот. Во тој контекст, не може а да не се забележи дека под притисокот што побрзо да се исфрли нов производ на пазарот, авторите кои го развивале разубавизаторот немале доволно време темелно да ја проучат комплексноста на големите историски стилови на архитектурата, за чие коректно именување овие денови во јавноста се води вистински карневалски натпревар во знаење. Како по обичај, на очигледна радост на едни и на жалење на други, Разубавизатор 2014 не понуди ништо повеќе од шупливи стилски интерпретации на архитектонските стилови кои на Скопје му се туѓи и кои патем му се нудат во форма на тапет на кој во целост му недостига и временски, и географски, и политички, и економски, и културен, и социјален контекст, во кој би се генерирала таа толку посакувана западноевропска слика. Во отсуство на својата суштина, дури и на ниво на тапет за прелепување, резултатот е едно очајно монолитизирање на градската појавност, сведено на аматерска интерпретација на хармониските, композициските, пропорциските, и последователно, естетските закономерности на архитектонските одредници, во кои на пример, работеле имиња како Микеланџело Буонароти.

Што велат потенцијалните корисници за Разубавизатор 2014, најдобро ќе дознаете ако се приклучите на некој од интернет форумите, каде на големо се водат дебати во кои многумина расправаат за резултатите од најновото „разубавување“ на Скопје. Во суштина, ова е корисно бидејќи ниедни слики до

сега не успеале да акумулираат толкава сублимациска енергија која би ја поткренала, традиционално апатичната македонска јавност. Од друга страна, спротивно на овдешните, емиграцијата е секогаш на првите борбени линии, особено тогаш кога се дискутира за теми кои се во релација со националниот, па во таа смисла и културниот идентитет на нашата нација. Интересно е дека во услови кога, во новата татковина, од петни жили се трудат да ги експонираат токму спецификите на сопствената културна уникатност, во момент кога се работи за иднината на родниот град односно држава, преку многу од коментарите можеме да посведочиме за навивачка енергија која, сосема неочекувано, оди во прилог на „визиите“ кои тежнеат целосно да ја негираат нашата локална градителска автентичност, која во случајов и отстапува место токму на увезената. Во истиот контекст, Разубавизатор 2014 е проект кој не само што го минира локалниот градски идентитет, туку е антипроизвод во однос на глобалните обиди да се промовираме како земја која е вечна лулка на автентично градителство, бесценета уметност, уникатни ароми и неповторливи глетки.

**ОВА Е ПРОЕКТ КОЈ НЕ САМО ШТО ГО МИНИРА ЛОКАЛНИОТ ГРАДСКИ ИДЕНТИТЕТ, ТУКУ Е АНТИПРОИЗВОД ВО ОДНОС НА ГЛОБАЛНИТЕ ОБИДИ ДА СЕ ПРОМОВИРАМЕ КАКО ЗЕМЈА КОЈА Е ВЕЧНА ЛУЛКА НА АВТЕНТИЧНО ГРАДИТЕЛСТВО, БЕСЦЕНЕТА УМЕТНОСТ, УНИКАТНИ АРОМИ И НЕПОВТОРЛИВИ ГЛЕТКИ**

На крај, топло препорачувам, за потребите на државниот естетски проект Разубавизатор 2014, преку јавна набавка и во најкус можен рок да биде избрана посоодветна локација, каде и практично ќе може да биде тестирана и усовршувана оваа хоум-мејд апликација. Предлагам полигонот, наместо во малиот ринг, да биде некаде во близина на аеродромот „Александар Велики“, по можност во близина на местото каде трансевропските коридори Е-8 и Е-10 се вкрстуваат со скопската обиколница. На тој начин, странските туристи кои,

од каде и да пристигнат, во најкус можен рок ќе можат да пристапат во новиот стар град, каде на еден компактен простор и во „јузер-френдли“ размера, ќе ги добијат на дланка сите историски стилови датирани од времето на парамециумот па сè до ден денешен. Се разбира, во овој град пред градот, уште на порти ќе мора да биде напишано: фотографирањето е најстрого забрането! Не за друго, доволни се само неколку шпионски слики за да ни го преземат, па „рикнат“ бизнисот. Кој? Па Клингонците, се разбира.

„Нова Македонија“, 09.02.10.

**Јован Ивановски** *е архитект и асистент на скопскиот Архитектонски факултет.*

*Беше дел од групата архитекти кои ја претставуваа Македонија на архитектонското биенале во Венеција 2008 година. Член е на архитектонското студио „SCArS“ (Skopje Contemporary Architecture Studio), неформална група составена од неколку помлади македонски архитекти.*

разговор со
Јасмина Силјаноска,
урбанист

разговорот го водеше: Бранко Ѓорѓески

5

# духовна импотенција

**Како гледате на она што е понудено како проект “Скопје 2014”?**

Јас сум шокирана, ужасната, од она што е претставено во овој проект. Ако градот по дефиниција е носител на културните значења и во него се репрезентира она што е културата и нејзините вредности, тогаш навистина со оваа претстава ние покажуваме духовна и креативна импотенција. Знаете, секоја креативна епоха во развојот на цивилизациите имала своја концепција за просторот и, на крајот, за архитектонскиот изглед на објектите. Затоа јас овде и со оваа понудена визија имам страшна дилема. Ова може, според мене, да биде на линија на оние кои го оспоруваат нашиот културен идентитет, ова е на линија на антимакедонизмот. Бидејќи само новокомпонирана држава и нација, која нема сопствен израз и

**САМО НОВОКОМПОНИРАНА ДРЖАВА И НАЦИЈА, КОЈА НЕМАЈЌИ СОПСТВЕН ИЗРАЗ И КУЛТУРЕН КОНТИНУИТЕТ, МОРА ДА ПОСЕГНЕ ПО ТУЃИ ВРЕМИЊА, ИЗРАЗИ И СТИЛОВИ, НОСТАЛГИЧНО ВРАЌАЈЌИ СЕ КОН МИНАТИ ВРЕМИЊА.**

културен контиунитет, таа мора да посегне по туѓи времиња, изрази и стилови, носталгично враќајќи се кон минати времиња.Она што навистина ме повредува е таа духовна импотентност, со која признаваме дека ние современо не сакаме (не можеме?!) да се изразуваме и на тој начин да се поврземе и со минатото и со иднината. Ова може да биде, навистина, дури и опасно.

**Од друга страна, се вели дека тој барок и неокласицизам постоеле кај нас и дека “македонизмот е прв етаблиран барок”?**

→ Погрешно, вистинска манипулација. Ги мешаат работите бидејќи во градот има сукцесија на растежи и стремежи итн. Точно е дека хеленистичкиот или античко-македонскиот град имаат прво монументално претставување на вредностите во градот. Но тој, воедно, може да се каже дека по многу карактеристики претставува и прв современ град. Барокот на некој начин се угледал на хелинистичкиот град, но многу некоректно (игнорантски) е да речете дека барокот е елинистички или античко-македонски. Барокот е сосем друго време, иако одредени елементи и погледи се слични. Но, да кажете дека барокот е тоа, му одземате дури многу квалитети на античкиот град. Барокот е дел од еден авторитарен период кому најбитни се парадата, движењето, помпезноста и монументализмот.

Ова што ни е понудено преку компјутерски генерираната визија за „Скопје 2014“ нема никаква современа интенција и концепт. Ова е некој вид историски еклециптизам кој ги интерпретира и склопува класичните елементи на чуден начин. Сето тоа личи на собирни сувенири и парчиња од други просторно-временски концепции и епохи.

**Има ли некаде ваков пример во градот?**

→ Теоријата и практиката познаваат примери кога одредени времиња во намерата да создадат нешто величествено по секоја цена, нешто што ги велича творците и нарачателите, а во недостиг на креативен капацитет, посегнуваат по облици на градот од минатото, за градот кој сакаат да се изгради во позајмено време со идентитет. Такви се сите остварувања во стилот на Grand Manner. Американците во19 век имаат правец што се вика "city beatiful" во кој се почитува барокот и неговата монументалност. Но, тука ние говориме за друг период, за 19 век, во кој индустриските градови имаат навистина големи проблеми. Имитацијата е можеби она што е најнеприфатливо, а исто така, јас не знам кога ние сме го живееле барокот. Тоа што во некои од куќите од народната архитектура се гледа е нормално коинцидирање на епохите, но тежнението е сосема различно. Инаку, барокот првенствено се однесува на големите планови за градовите, на авениите и отворените ѕвездести плоштади, а за Скопје може да се рече дека единственото вистинско барокно влијание е дојдено со првите урбанистички планови, со првите генерални регулации за градот Скопје, едната од нив од 1914 год. од Д.Т.Лека, и другата од Ј.Михаиловиќ.

**Дали Институтот беше вклучен во овој проект?**

→ Колку што знам, воопшто не беше вклучен и факултетот како институција. Некои поединци беа вклучени, но тоа се поединци кои не се од нашиот институт.

**Но дали сегашните реакции се задоцнети бидејќи во конкурсните услови се бараше зградите да бидат во барокен стил?**

→ Не се согласувам дека немало реакции. Имало трибини чии укажувања не беа интересни додека не се објави целата слика. А градот не е само град на архитекти, тие реакции сега се обединети и доаѓаат од различни страни. Да кажете, на пример, дека куќата на Мајка Тереза е добра само затоа што е туристичка атракција е слаба одбрана на естетскиот став.

Но, ако е тоа тежнение, тогаш дајте и ние од центарот да направиме Дизни Ворлд или од плоштадот простор каде што луѓето се забавуваат, како Лас Вегас.

**Направете ми една споредба како Вие го замислувате централното градско подрачје и она што е дадено како проект?**

→ Едно мора да се признае, тој простор долго време стои празен и веројатно е позитивна желбата да се исполни тој простор. Плоштад кој е празен, околу кој нема рамка од објекти - не е плоштад. Не мислам дека таквите заложби за градење се погрешни. Напротив. И желбата да се прават споменици е позитивна. Но, кој е проблемот: проблемот е во интензитетот и длабочината на промислувањето, во нивната количина, местоположбата, проблематичната уметничка вредност. Начинот на којшто се распишани конкурсите е проблематичен. Однапред се определува духот и архитектонскиот концепт, и ако вие не се придржувате и прилагодите на ваквите барања, не можете да го добиете конкурсот. Некои автори се јавуват како автори на 3-4 труда. Не е ли чудно зошто немаше интерес од меѓународната стручна јавност, не ли значи тоа дека има некој проблем?!

Инаку, просторното завршување на рамката на плоштадот на десниот брег на Вардар не е многу далеку од она како јас би го замислила, проблемот е во неговото архитектонско, стилско изразување, во ИМИТАЦИЈАТА. Од левата страна е веќе нешто друго.

**ДА ГО ОСТАВИМЕ ПЛОШТАДОТ ДА БИДЕ НА СИТЕ ГРАЃАНИ И ЗАТОА МИСЛАМ ДЕКА ВООПШТО НЕ Е ДОБРО ТАМУ ДА ИМА ВЕРСКИ ОБЈЕКТ.**

- **Може ли да се најдат на плоштадот и црква и џамија?**

→ Кога во Скопје постоеше Бурманли џамијата, тогаш тоа не беше плоштад. Тоа беше примостовје, три улици кои се спојуваат пред Камениот мост кој беше почеток на градот. Од десната страна на Вардар градот бил во зародиш. Бранењето на цивилниот карактер на плоштадот е многу важно. Тоа е како одбрана на слободата на граѓанинот. Да го оставиме плоштадот да биде на сите граѓани на градот и на републиката и затоа мислам дека воопшто не е добро таму да има верски објект.

Особено заради тоа што верскиот објект е магнет. Тој прави околу себе други јавни простори. Тие се богатство на градот, и зошто Скопје да не добие повеќе плоштади? Зошто сите се туркаат само на единствениот градски плоштад. Сите сакаат на тоа едно место, наместо обратно. Дајте ги локациите кои згодно ќе се поврзат и таму верските објекти ќе бидат магнет за луѓето.

- **Кој објект најмногу Ви пречи?**

→ Веќе се искажав за Триумфалната порта. Вакви објекти имаат свое значење во минатото и тие обично ги слават војсководците, императорите кои кога доаѓаат од големите војни во коишто ги освојуваат териториите и го носат пленот во градот, а жителите го слават нивното влегување во градот, додека овие поминуваат низ таква Триумфална порта. Таква е портата на Светата улица во антички Рим, на влезот во Римскиот форум. Таква е и Триумфалната порта во Париз на Наполеон Трети. Обично зад нив стои моќта на авторитарна личност, потребата да се слави личноста на императорот.

Зошто ни е нам оваа Триумфална капија, што симболизира таа? Башка и местото на коешто е поставена. Тоа е, дополни-

телно, највулгарна карикатура. Ова ги надминува сите анахронизми и сите носталгични утопии.

Сите наши намери иднината недвосмислено ќе ги прочита, ќе ги соголи, ќе ги вреднува и обезвреднува. Не треба многу претскажувачка способност за да видиме како ние и оваа градо-градителска некреативност ќе бидеме о(пот)ценети.

дел од разговорот беше објавен во „Дневник", 09.02.2010.

**Проф. д-р Јасмина Силјаноска** *работи на Архитектонскиот факултет на Универзитетот Св. Кирил И Методиј во Скопје во Институтот за урбанизам. Таа, воедно, е и раководител на последипломските студии по Архитектура и урбанизам на Архитектонскиот факултет. Постдипломски студии за градителско наследство ги завршила во Загреб, Хрватска со магистерскиот труд "Дијахрониска студија на главниот градски плоштад во Скопје и влијанијата на концепциskиот дисконтинуитет на градот".*

*Во периодот на академската 1997/98 била на студиски престој на Државниот универзитет во Аризона-САД (АСУ) каде работела во Одделот за планирање и пејзажна и на докторските студии на овој факултет. Докторирала на Архитектонскиот факултет во Скопје со трудот "Планерски аспекти на обликувањето на градскиот простор".*

## пандалф вулкански

6

# архитортура и гробализација

## кртовите работат! од тајната преродбеничка програма:

Во тајната преродба имаме два клучни концепти: архитортура и гробализација. Првиот концепт многу добро ги поврува нашите два најдлабоки стремежи; оној кон архитектурата (на светот!, зошто да бидеме скромни?!) и оној кон старото (тортурата тука е само метода и ја нагласуваме во заграда, чисто ко мала тајна, оти коа прибегнуваме - како крајна мерка - кон тортура, секоаш велиме, пристојно и старински: архитортура; вметнал: В. Ѓорчев).

Ако случајно се обидат да го дискредитираат нашиот величествен трансисториски синкретизам (проникнувањето низ фино испреплетена пајакова мрежа на сите дијахрониски и синхрониски линии на нашето вечно македонско битисување), во тој случај мораме да се потпреме и на третиот генијален концепт кој скромно го нарековме: лагализам (иако нескромно може да се нарече и груевизам, оти потекнува од најдлабоките врутоци на ликот на нашиот феноменален водач).

ЗАМИСЛАТА ЗА ЦРКВА, ЏАМИЈА И 22-МЕТАРСКИ СПОМЕНИК НА АЛЕКСАНДАР НА СКОПСКИОТ ПЛОШТАД - Е КИКС-ИДЕЈА КОЈА ПРОИЗЛЕГУВА ОД ТЕРИТОРИЈАЛНИТЕ КРЕТЕНЗИИ...

Пример: некој богохуљ, изрод, предавник и соросоид кога-тогаш ќе се осмели да каже (заправо, си бамборат они, го зборат ова) дека, цитирам: „замислата за црква, џамија и 22-метарски споменик на Александар на скопскиот плоштад - е кикс-идеја која произлегува од територијалните кретензии (т.е. сељоберската страст да се завладее со градот на начин да се униформира неговата различност) на нашата сељоберска владаечка елита која има потреба на голема историска врата да го промовира своето празилук-чувство за спектаклук“. Грубо, а?, на тој начин да се зашлакува толку благородниот и толку осмислен концепт архитортура... Но, на неверниците најлесно им е да плукаат, тие никоаш ништо не создале, а ние, па, нон-стоп оствaруваме. Кај и да е, вака треба да им се одговори на сурушоидите (вметнал: М. Протоѓер): И лагалистички и нелагалистички (ко што велеше нашиот голем северен брат), и процедурално и непроцедурално, и мирно и со тепање (ако баш си го бараат), и елегадно и интелигадно, нашата задача, 24/7, е перманентно и со сите можни сили да ги браниме дамарите на двата наши најдлабоки проекти: архитортурата и гробализацијата. Нашето најсилно оружје во

таа борба (не е нашиот пресветол водач, туку еманацијата на неговиот најдлабок принцип) - лагализмот.

Со оглед дека името сè збори, ќе се префрлиме и на втората преродбеничка фурија широко (и делумно метафизички, иако сме сосема конкретни во нејзиното спроведување) наречена гробализација. Што е гробализација?! Најпросто речено: дупка. Ама не каква било дупка, туку античка дупка. (Јасно е ко од сателит дека архитортурата и гробализацијата се најсуштествено поврзани; ради тоа нив ги обработуеме во едно поглавје од програмава и ради тоа околу тие концепти е ангажирана најагилната партиска екипа прикладно наречена „мозочен ураган“.)

ЈАСНО Е КО ОД САТЕЛИТ ДЕКА АРХИТОРТУРАТА И ГРОБАЛИЗАЦИЈАТА СЕ НАЈСУШТЕСТВЕНО ПОВР-ЗАНИ.

Коа збориме за гробализација треба да нагласиме дека не збориме за Денот на дрвото. Дрвото е застарена работа. Нашиот фокус треба да биде дупката. Ради тоа нашиот концепт за преродба на Македонија и го нарекуваме гробализација. Нашиот слоган може да биде: „Нема утка ако имаш голема дупка“. Или: „Кајшто празно место има ти дупка посади“. Со таква максима праиме супер национална клима: никој не може да нè расштима! Нема зима за нас, има само археолошко-идентитетска плима од артефакти што се прелеваат низ дупките (ко со копач ко ќе се здроби канализациска цевка, сликовито да објасниме).

Третава хипотетична максима е посебно атрактивна: „Секоја македонска дупка е родољупка!“ А ако ни речат дека нашата власт (вметнал: П. Кузман) повеќе наликува на среброљупка и себељупка отколку на родољупка, вака треба да одговориме: дупката е наша корупка, дупката е наша пупка! Тупкаме со ноџињата по почвата, нервозни, коа неаме дупки под нас! Опасно нè копка што има доле, па макар и да е клопка! Е сеа (вметнал: В. Ѓорчев), коа трчаш по топка (што паднала во

**ДУПКАТА Е НАША КОРУПКА, ДУПКАТА Е НАША ПУПКА! ТУПКАМЕ СО НОЦИЊАТА ПО ПОЧВАТА, НЕРВОЗНИ, КОА НЕАМЕ ДУПКИ ПОД НАС! ОПАСНО НÈ КОПКА ШТО ИМА ДОЛЕ, ПА МАКАР И ДА Е КЛОПКА!**

дупка) има и сопка, нормално, од СДСМ, од транзиционине богаташи, а богами и од петоколонашките соросоиди; ама вака треба да одговориме: за некој билмез да не ја штипка стриптизета се привива уз шипка; второ, точак коа возиш - со шипка, нормално, ко прав маж - стааш штипка на панталона, така?!

;трето, секоја лебарка што ти забасуе у дупка не е коледарка, штавише секоја лебарка би рекол дека е колебарка и дека треба да се затепа! Што сакам да кажам? Прво: дупката е комплексно поле, со дропки се решава, плус коа возиш пат цел со дупки и препки (ебате сурушоидите, па ќе речам) не мож од тепка да донесуеме заклучоци, или секоја будала да чепка по дупки (треба да се има специјална археолошка четка); во тој случај, целава работа може да ни се изврти (т.е. заспинуе) во цепки. Второ: невладиниве гнаси многу многу да не ни се шуњаат околу дупките; трето, колебливци у наши редови - не; четврто, коа е фрка, коа некоја лебарка ил крт ил стаорец баш е упорен и сака да ни ја извлече репката од дупката, па грепка по колепката наша (дупката за нас е ко колепка, би сакал да нагласам), и трепка заводливо (у клепка просто нè ебе, плус медиумска четка ни удира, ко бившиот ножеви у грб што ни мааше) тогаш иаме ситуација на озбилна препка. И, што праиме тогаш? Фрламе ждрепка? Играме тапка? (повторуем: све, све, само не од тепка) ѝ дааме на стриптизетата (Арапка, на шипка) шапка и топка (ко на делфин), за никој да не ја шлапка и штипка?! Не!!! Категорички не! Во таа ситуација, коа речиси скроз сме сјебани од посочените (лебарка, крт ил стаор) се прионуе на процедура, т.е. постапка: вадење на таканаречената PR-папка. И го кажуеш, без да праиш каква било отстапка, следниов текст (да се запамти ко цијанкалиј што се стаа у зуб коа више стварно нема решение):

„дупкава ни има стапка на раст од дваес катрљона“. Акцентот да се стаи на „стапка на раст“, ко капка да прозвучи после коа ќе им ги ркнеш катрљоните.

**СЕКОЈА ЛЕБАРКА ШТО ТИ ЗАБАСУЕ У ДУПКА НЕ Е КОЛЕДАРКА, ШТАВИШЕ СЕКОЈА ЛЕБАРКА БИ РЕКОЛ ДЕКА Е КОЛЕБАРКА И ДЕКА ТРЕБА ДА СЕ ЗАТЕПА!**

Е сеа (вметнал: В. Ѓорчев), препорачуеме секое дупкасто место да почне да расте ко тесто! Дупка, а бабри! Ѓаволесто место, а?!:) (Да бидеме сликовити: сурушоидите нѐ обвинуваат за политика на слон у стакларски дуќан, т.е. еж во фабрика на кондоми... Е, баш така треба да ни бабри дупката!) Не се сретнуе често такво место (кртот кајшто го гости ежот, да се насмееме малку, „ежот си го ебал“, ха ха!), вместо што те зашрафуе (т.е. фрапира), па и самиот стануваш фиданка меѓу дупките. Наместо, значи, попусто (и пусто) да се заебааме со сурушоидите (ионака ги максимум комада сто), ја повторуеме стратегијата во форма на слоган: еж у фабрика за кондоми - ВМРО на градски плоштад.

На ова место (вметнал: Ј. Јадибурек) од нашата возвишена и генијална преродбеничка програма (којашто ионака хронично бабри и титра ко космичко тесто) се чувствува потреба да се повикаме на една голема мудрост на Дејвид Линч, што феноменално ќе ни го оправда генијалниов концепт на гробализација. Линч еднаш збореше дека за потребите на снимањето на „Eraserhead” набавил мртва мачка и ѝ ја отворил утробата: боите на внатрешните органи видно бледнееле под неговите очи поради влијанието на воздухот; Линч таа слика ја споредува со сцената во Фелиниевиот филм “Roma”: при копањето на тунел под Рим, група археолози провалуваат во една просторија полна со фрески; пробивајќи го ѕидот тие го ослободуваат воздухот и фреските веднаш, пред нивни очи, почнуваат да бледнеат. Е, Паско наш може не ги знае морбидните заебанции на Линч, но просто инстинктивно чувству-

ва дека правата (обоена) Македонија е под земја, низ дупки („ќе изгинете по некои дупки“, велеше Никола Ристановски во џингл; да се размисли како и тој слоган да се вметне - вметнал М. Протоѓер); оттаму и произлегува величественоста на тој едноставен програмски збор (а сепак набиен со толку слоеви значења): гробализација.

За финансирање на двава ингениозни концепти (архитортура и гробализација) ќе распишеме 1) храмарина и 2) храмет, ама за тоа во посебно поглавие.

„Окно“, 14.08.09.

**Пандалф Вулкански** *е писател, стилски ориентиран кон игри со зборови и кон други прозни експерименти. Објавил две книги во деведесеттите: „Универзално одлепен речник на македонски зборови“ и „Призрак против Сенка“ (постмодернизам за деца). Заедно со Ацо Станковски, коавтор е на големиот стрип проект, „Лабрис“ (од 1996 до 2000 година околу една третина од стрипот, т.е. над 300 страници, беше објавена во дванаесет продолженија во списанието за стрип, „Лифт“).*

разговор со
минас бакалчев,
архитект

разговорот го водеше: Дејан Буѓевац

7

# архитектурата е загрозена

**Господине Бакалчев, кои се тие урбани прилики од културен, политички и економски аспект што сѐ уште претставуваат архитектонски табуа за еден подинамичен и европски развој на Скопје?**

→ Секако не се „објективните закони на историјата“, туку нивната интерпретација. Со други зборови, тоа е човечкиот фактор. Со тоа не мислам на архитектите, туку на еден комплементарен, ментален склоп што се гради врз база на чудниот спој на игнорантство и итрина, на незнаењето и ситната корист.

**КОЛКУ ЕДНА КУЛТУРА Е ПОМАЛКУ СВЕСНА ЗА ВИСТИНСКАТА ПРОСТОРНА СТРУКТУРА, ТОЛКУ ПОСИЛНИ СЕ НЕЈЗИНИТЕ СИМУЛАЦИИ, ВИЗУЕЛНИТЕ И ВЕРБАЛНИ НАРАЦИИ. ВО ТАА СМИСЛА, МОЖЕМЕ ДА СЕ СЕТИМЕ НА ИДЕОЛОШКАТА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ, НА ИДЕОЛОШКИТЕ ПРОСТОРНИ МОДЕЛИ, НО И НА НАЈНОВИОТ ВУЛГАРЕН МАТЕРИЈАЛИЗАМ ИЛИ ИСТОРИЦИЗАМ ВО ПРОСТОРОТ.**

Колку една култура е помалку свесна за вистинската просторна структура, толку посилни се нејзините симулации, визуелните и вербални нарации. Во таа смисла можеме да се сетиме на идеолошката интерпретација на просторот, на идеолошките просторни модели, но и на најновиот вулгарен материјализам или историцизам во просторотПросторот е апстрактна категорија, затоа за негово разбирање се поподатливи наративните, визуелните и вербалните конструкти. Колку една култура е помалку свесна за вистинската просторна структура, толку посилни се нејзините симулации, визуелните и вербални нарации. Во таа смисла можеме да се сетиме на идеолошката интерпретација на просторот, на идеолошките просторни модели, но и на најновиот вулгарен материјализам или историцизам во просторот.

- **Кога престанува некоја градба како заштитен и културен споменик, а кога таа овозможува една интерполација, односно вклопување на елементи од современите архитектонски размислувања?**

→ Каква е претсостојбата на архитектонскиот простор? Кога почнува една градба да се мисли како културна вредност? Како една градба го добива тој легитимитет за да се претстави како архитектонски придонес на една култура? Или, поточно, кога почнува нашата грижа кон архитектурата како еден творечки и просторен интегритет?

Верувам дека само преку почитување на секојдневното, на секојдневните просторни ситуации, можеме да дојдеме и до

вистинскиот однос кон посебните архитектонски вредности. Зашто ако во секојдневното, во обичните куќи, ѕидови, тротоари, дрвја не гледаме еден животен простор, не ги почитуваме, не ги чистиме секојдневно, не верувам дека тоа ќе го направиме на вистински начин пред посебните места. Не верувам дека систематската девастација на нашиот животен контекст укажува на вистинската намера да заштитиме одделни делови од него.

Поточно, заштитата станува сè повеќе една форма, а сè помалку содржина на нашето поведение во просторот. Нешто што повеќе раздвојува, отколку што го спојува просторниот интегритет на нашата околина. Потребата од една отворена логика за да се мисли интегралниот контекст кој би бил недискриминиран во заштитени или незаштитени зони, и во таа смисла да се има одговорност за негово унапредување, е етичкото прашање на нашето време.

**АРХИТЕКТУРАТА ТРЕБА ДА СЕ ЗАШТИТИ ОД СВОИТЕ БРАНИТЕЛИ.**

Дали почитувањето може да убие? Холандскиот архитект Рем Колхас го постави ова прашање наспроти критиките за неговата интервенција во универзитетскиот комплекс проектиран од пионерот на модерната архитектура, Мис ван дер Рое, во Чикаго. Архитектурата треба да се заштити од своите бранители.

**Се гледа ли крајот на оваа мачна транзиција во нашево архитектонско доживување на Скопје?**

→ Транзицијата нè внесе во еден бесконечен релативизам во просторот. Заедничкото како поимање на просторот се повлече, а архитектурата стана вулгарна заднина за поединечни потреби. Сето тоа го гледаме во завршоците на зградите, во преградувањата и во доградувањата на балконите. Таквиот пристап го чувствуваме како една садистичка спонта-

**СЀ ПОВЕЌЕ СУМ СКЛОН КОН ОТКРИВАЊЕ НА ЕСЕНЦИЈАЛНОТО ВО АРХИТЕКТУРАТА, КОН ДЛАБИНСКАТА СТРУКТУРА ПРЕКУ КОЈА СЕ ГРАДИ И ДЕЛУВА ЕДНО ДЕЛО. ВО ТАА СМИСЛА, ФОРМАЛНАТА ПОЈАВА Е ВАЖНА ДОКОЛКУ ГО ИЗРАЗУВА ВНАТРЕШНОТО БИТИЕ.**

ност која ги голта сите архитектонски достигнувања од претходните периоди. Никогаш порано Скопје не било предмет на толку многу адаптации. Скопје се менува пред самите нас. Сѐ е дозволено во името на нашите потреби, на нашиот комфор. Тогаш, зошто да не се спроведе истиот „метод“ и на зградата на Собранието. Игнорантство и итрина.

**Што треба да се направи со оние одредени историски артефакти во градското јадро кои веќе не одговараат на интензивните урбани и енергетски стандарди?**

→ Англискиот архитект Седрик Прајс кажа дека архитектурата има рок на траење. Како секој индустриски производ, така и архитектонскиот производ има рок на траење. Авангардната архитектура на шеесеттите години на минатиот век ја помести перцепцијата на архитектурата како нешто трајно и перманентно. Меѓутоа, денес не го сфаќам ова кажување како догма, туку како начин на гледање, како отворен концепт. Сѐ повеќе сум склон кон откривање на есенцијалното во архитектурата, кон длабинската структура преку која се гради и делува едно дело. Во таа смисла, формалната појава е важна доколку го изразува внатрешното битие. Не како негова маска, туку како начин на постоење.

Неодамна на една изложба „Brave New World“ во IFA-галеријата во Берлин, заедно со професорот Митко Хаџи Пуља изложивме серија проекти, претставени како идеограми, што ги нарековме отпечатоци - кон лицето. Тие го претставуваат основното идејно и материјално резистентно ниво на архите-

ктурата пред налетот на декомпозицијата на некогаш цврстата просторна рамка. Тоа е повеќе симболички гест за барањето на границата на архитектонското постоење во еден транзициски, социјален и економски контекст, во кој архитектурата перманентно се негира.

**Кои архитектонски остварувања во Скопје можеме да ги третираме како успешни модерни проекти?**

→ Градот е систем на бесконечно доградување, надградување, менување. Скопје не е исклучок и покрај често радикалните архитектонски пресврти. Интерполирање во смисла на почитување и унапредување на постоењето можеме да издвоиме и во Скопје. Целата повоена модерна во градското јадро сведочи за можноста за успешно вклучување на нови принципи во постојни просторни системи. Примерот на Градскиот трговски центар, на професорот Живко Поповски, ми се чини дека е антологиски за македонската модерна архитектура. Тој е објект на поземјотресната реконструкција на Скопје, преку кој се промовираше новиот теоретски просторен концепт, а во исто време се асимилираше постојниот. Во него се вклучени архитектонската композиција на некогашната икона на новото Скопје, композицијата на петте кули покрај реката Вардар на архитектот Александар Серафимовски, како и воздржаниот волумен на хотелот „Холидеј ин“ од архитектот Славко Леви. На тој начин е покажано како новиот просторен концепт, градската

**ПОВИКУВАЊЕТО САМО НА СЛИКИТЕ ОД МИНАТОТО, НА ПОМПЕЗНИТЕ И ПОГРЕШНО РЕАНИМИРАНИ КУЛИСИ НА НЕКОГАШНИТЕ ОБЈЕКТИ, Е ПОВЕЌЕ ОД НАВРЕДЛИВО. ТАКВИОТ ПРИСТАП ГО АФИРМИРА ТОКМУ СПРОТИВНОТО ОД ОДРЖУВАЊЕТО НА СОПСТВЕНИОТ ИДЕНТИТЕТ. ГО ИЗРАЗУВА СЕБЕУКИНУВАЊЕТО ВО ЕДЕН ОДРЕДЕН ПРОСТОР И ВРЕМЕ. ПОДАВАЊЕ КОН СУРОГАТИТЕ НА НЕКОГАШНАТА СТВАРНОСТ, УЖИВАЊЕ ВО ЛАГАТА.**

> **СЕНТИМЕНТОТ КОН ИСТОРИЈАТА, КОН СТАРО СКОПЈЕ, НЕ БИ МОЖЕЛ СЕРИОЗНО ДА ГО РАЗБИРАМ, ОСВЕН КАКО ПАРОДИЈА. ЗОШТО ВО ИСТИОТ МОМЕНТ КОГА СЕ ПОВИКУВААТ КУЛИСИТЕ НА СЕГА НЕПОСТОЈНИОТ ОБЈЕКТ ОФИЦЕРСКИ ДОМ НА АРХИТЕКТОТ ВИЛИЈАМ БАУМГАРТЕН, ВО ИСТИОТ МОМЕНТ НА ИСТИОТ ПЛОШТАД „МАКЕДОНИЈА“ СЕ ДЕВАСТИРА ОБЈЕКТОТ (НЕКОГАШНИОТ „МЕТРОПОЛ“) НА АРХИТЕКТОТ МИЛАН ЗЛОКОВИЌ, ЕДНО ОД АНТОЛОГИСКИТЕ МОДЕРНИ ОСТВАРУВАЊА ВО МЕЃУВОЈНИОТ ПЕРИОД ВО СКОПЈЕ.**

аксијала исток-запад, од планот на јапонскиот архитект Кензо Танге, може локално да се обработи од Живко Поповски, а притоа во него да се вградат остварувањата на архитектот на македонската модерна, Александар Серафимовски, како и архитектот на хрватската модерна Славко Леви. Се разбира, мерилото на Градскиот трговски центар предизвика ремоделирање на еден цел градски кварт, но притоа резултираше во нова вредност. Тоа е позитивен пример на еволуција, трансформација на градот. Онаков каков што денеска ни недостасува.

➔ **Дали веќе не е промашено и анахроно споменичната и културната важност на одредени објекти да се толкува и оправдува исклучиво од историски аспект, од нивната хронологија, од стилските описи, без истовремено да се случи нивна инволвираност во тековите на современите архитектонски гестови и на планот на формата и во материјалите?**

→ На историските материјални артефакти местото им е во музеј. Нивната сугестивност и разбирливост, секако, ќе зависи и од имагинативноста на музејската поставка. Но, на архитектонските објекти местото им е во просторот. Како такви, тие можат да имаат историска референца, но во исто време, и активна просторна улога. Сведувањето на објектите само на историска фуснота, всушност, претставува нивна просторна негација. Денивелацијата и спуштањето на Камениот мост во однос на пристапните правци, е првиот чекор кон негово

сведување на музејски експонат. (Можеме само да претпоставуваме што би рекол Јустинијан за тоа?)

Материјалноста на ѕидовите, рецептурата на малтерот, редењето на каменот се апсолутно важни за одржување на една жива традиција на градење. Но, повикувањето само на сликите од минатото, на помпезните и погрешно реанимирани кулиси на некогашните објекти, е повеќе од навредливо. Таквиот пристап го афирмира токму спротивното од одржувањето на сопствениот идентитет. Го изразува себеукинувањето во еден одреден простор и време. Подавање кон сурогатите на некогашната стварност, уживање во лагата.

➔ **Што сè е потребно за да профункционира еден квалитетен и афирмативен ГУП? Можна ли е соработка со другите уметнички форми на творења на планот на неговото подобрување?**

→ Самосвест кон сопствениот простор и времето е основното начело во дејствувањето. Дури откако ќе ја прифатиме реалноста на нашите амбиенти, крајно измешани, недоградени, сиромашни, скромни, претенциозни, со многу недовршени куќи, тротоари полни со возила, улици без означени паркинг-простори, но истовремено со места со длабока поетичност, дури тогаш ќе можеме креативно да работиме со неа. И дури тогаш кога ќе ја исцрпиме и ќе ја запознаеме сета наша реалност, ќе можеме креативно да работиме со неа. Тогаш баналното секојдневје ќе може да стане ресурс, а неговата спонтана ингениозност ќе премине во артикулирана оперативна тактика во просторот. Дали можат да се употребат принципите на догма-филмот во архитектурата? Австрискиот архитект Дитмар Штајнер зборуваше за тоа, за една нова догма архитектура. Американската школа „Рурал студио“ ја практикува социјалната мисија на архитектите во сопствениот контекс т- „Архитектура на граѓаните”. Јапонскиот тан-

дем „Bow –Wow“ го надминува јапонскиот минимализам, со новиот сензибилитет кон реалното - Кензо Танге од кучешка перспектива.

Во проектот „Град на можни светови”, со кој се презентиравме на Венециското биенале во 2006 и во кој учествуваа група млади македонски архитекти, се прашавме како современата комплексност на градот Скопје, составен од контрадикторните системи, можеме да ја пресвртиме во множество на коегзистирачки системи. Да ја задржиме визијата, но и секојдневната реалност, како еден вид фантазија на реалното. Токму слободата на постојано изместување на перспективата ја оживува архитектурата, ја прави уште еднаш витално забавна, секојдневна, чувствителна, скромна.

Канадскиот дизајнер Брус Мау укажа дека во моментот на падот на популарноста на поп- ѕвездата Мадона, таа го менува идентитетот, се пресоздава и со тоа останува на врвот. Се чини дека македонската архитектура и натаму го чека тој чекор.

➔ **Што мислите за трите стаклени куполи што треба да се подигнат врз Собранието, заштитен споменик на културата?**

→ Злоупотреба на една архитектонска форма. Злоупотреба на семантичката и конструктивна логика на еден архитектонски тип. Куполата означува еден одреден културен простор, но притоа укажува на една просторна и материјална ингениозност да се стави материјата во една таква состојба на подвиг. Но, куполи како надградба? Куполи како надградба на еден во себе завршен архитектонски објект. Тоа е спекулативната логика на игнорантството. На тој начин, губат и куполата и градбата, односно добиваме една евтина сценографска слика на просторот.

Сентиментот кон историјата, кон старо Скопје, не би можел сериозно да го разбирам, освен како пародија. Зошто во истиот момент кога се повикуваат кулисите на сега непостој-

ниот објект Офицерски дом на архитектот Вилијам Баумгартен, во истиот момент на истиот плоштад „Македонија“ се девастира објектот (некогашниот „Метропол“) на архитектот Милан Злоковиќ, едно од антологиските модерни остварувања во меѓувојниот период во Скопје. Систематски, но сигурно се претвора во еден вулгарен гигантски билборд. Во една негативна визија за „архитектурата како комуникација”. Да, тоа е вистинско одземање на нашата материјална историја. Затоа, секој што ќе остане рамнодушен кон сè поагресивното голтање на нашиот животен простор од страна на заводливите слики на рекламните паноа, станува соучесник на нашиот морален пад. Сиромаштво што води во уште поголемо сиромаштво.

„Глобус“, 15.04.08.

**Минас Бакалчев** *е професор на скопскиот Архитектонски факултет и еден од најугледните македонски архитекти. Има добиено десетина награди за архитектура и организирал десетина изложби со своите трудови (најчесто во соработка со архитектот Митко Хаџи Пуља). Во 2004 и 2006 учествувал на престижното светско биенале за архитектура што се одржува во Венеција.*

ирена цветковиќ

8

# една вечер со господин томиќ

Немам потреба преку овој пост да се докажувам, дообјаснувам, доискажувам во врска со ставовите и реакциите кои некако едвај успеав да ги артикулирам во емисијата „Отворено со народот“ на Томиќ. Поентата на овој пост може да се сфати како реакција, но подобро како репортажа, еден вид чуден патепис (трипопис). Сте биле ли некогаш статист во претстава која ви ја режираат на лице место и режисерот, но и актерите, костимографите, сценографите, шминкерите, кафекуварката? Ете децо, знам дека не сте биле...ама затоа јас бев. И најискрено, искуството и чувството е „збунувачки чудно“. Ама, ај од почеток.

Петокот претпладне добив индиректна покана да учествувам во емисијата на Томиќ „Отворено со народот“. Ми рекоа темата ќе била врзана за проектот Скопје 2014. Учесници,

**НЕ ТРЕБА МНОГУ ОБЈАСНУВАЊЕ ЗА ДА СЕ СФАТИ ДЕКА ОДЕДНАШ ДЕБАТА ПРЕТСТАВУВАШЕ 7 СПРЕМА 2. ФЕР, НЕМА ШТО.**

освен мене и Ивана Драгшиќ од „Плоштад Слобода", би биле министерката за култура Канчевска-Милевска (Ганка 2.0), градоначалникот на општина Центар- Владимир Тодоровиќ-Тинекс и еден архитект кој ќе го брани аргументирано проектот Скопје 2014. Иако помислив во прв момент да промрчам поради несиметричната, а со тоа и нееднаквата основа за дебата (неприфатлива е поделбата двајца спрема тројца во фер дебата)...ама ај - пуста желба да го видам Томиќ. Јас и Ивана побаравме преку човекот кој нè контактираше да му ја објасни на Томиќ разликата меѓу Плоштад Слобода и Прва Архи Бригада. Истата му беше објаснета. Пеким, дојде 19.30 часот... го подигнав стомакот и трк во МТВ.

А таму:

Не треба многу објаснување за да се сфати дека одеднаш дебата претставуваше 7 спрема 2. Фер, нема штоНè пречекаа Министерката, Градоначалникот, Скулпторот кој е автор на лавовите, Коки Јанев, психијатар Кљусев, Виша конзерваторка ???, архитектот Жан и секако Томиќ. Не треба многу објаснување за да се сфати дека одеднаш дебата претставуваше 7 спрема 2. Фер, нема што. Иако аргументите се на наша страна, простата математика не ви дозволува да помислите дека контекстот е барем просечно океј. Емисијата, доколку ги извадите омилените дејанија на Томиќ, долга најава со прилог, јавувања од гледачи, јавувања во дијаспора, долгите говори полни со патос на водителот, трае отприлика еден час. Тоа значи дека поделено со сите учесници едната страна добива 45 минути, а другата 15. Три спрема еден. Па сепак, пусти мерак по Томиќ...

Си седнавме културно, кога - трааааааас! Најавата веќе ја врамува емисијата и прогласува правилна и погрешна страна. Не знам од каде да почнам во прилогот-најава, во која да можеа по еден шамар ќе ни лепнеа сите по ред на нас двете

**ШТОМ СЕ ТРГНАВМЕ НИЕ ОД ЕКРАНИТЕ, НИ СЕ СВРТЕА БУКВАЛНО СИТЕ ВО СТУДИОТО ДА НÈ КАРААТ. НЕВАСПИТАНИ СМЕ БИЛЕ.**

и на сите „перверзници“, „малодушници“, „сатани“ кои сметаат дека Скопје 2014 не е најбољи нешто на свет. И таман не полудев после тоа, кога ја слушам темата. За жал не можам да ја цитирам, ама беше во врска со сатанизација на една доблесна визија за Скопје. И така, перверзните сатани веќе беа детектирани меѓу гостите во студиото. Томиќ, срцка, за да не испадне ептен хардкор после насловот на темата ставил „?!“ и поштено ни се сврте, велејќи ни нешто у стилу: ете јас ништо не прејудицирам. Цепки! А зад нас на монитори врти ли врти тоа видеото...

И почнавме. Томиќ, малку увреден што се дрзнале луѓе кои не се архитекти да дебатираат за сопствениот град (ко демек дипломата од оној кутар архитектонски факултет да е предуслов да мислиш за просторот во кој живееш), без притоа да му текне дека ниту тој, ниту Министерката, па ни Градоначалникот, немаат ни помирисано училница во АрхиФаксот. Па, се чудам јас во тој контекст кој курац бара Психијатаров. Кога види го ти Томиќ, има он на секое зошто, затоа. Психичов бил во Америка на некое време, живеел таму и од прва рука ќе ни кажел дека Скопје 2014 е ТОП... затоа што ОН ЗНАЕ, БИЛ ВО АМЕРИКА, ДЕ! Ама нееее, не е донесен докторов само за тоа. Томиќ мртов ладен му поставува прашање: Како вие од психијатриска гледна точка ќе го дефинирате и објасните овој (нашиов де) чин на негирање на убавината на еден ваков македонски проект? WTF???? – си викам. Ај-си велам - не е ваљда овој до толку луд да му одговори... Па, сепак е, нели, доктор. Ама нееееее, типчево почнува сериозно, со сета професионална одговорност, да нè дијагностицира нас и сите останати „перверзни сатани“ на кои не им се допаѓа „еден вака грандиозен Македонски проект“. Дијагноза - дефетизам и малодушност. Фала молим. Во Америка за сеанса ваква би ме ребнале тисучу долара... кај Томиќ психијатриска дијагноза добивате гага. Цепки! А зад нас на монитори врти ли врти тоа видеото...

**ГОСПОЃАТА ВИША КОНЗЕРВАТОРКА, КОЈА ЦЕЛА ЕМИСИЈА БЛЕБЕТАШЕ ПРАЗНА СЛАМА (НЕШО У СТИЛУ ПОЗИТИВНА МИСЛА АКО СЕ ИМА Сѐ ЌЕ БИДЕ ДОБРО...АПСОЛУТНО ВОН КОНТЕКСТ), Нѐ ИСПРАТИ ОД ЗГРАДАТА НА МТВ СО УРЛАЊЕ - КАЖЕТЕ БЕ ДЕВОЈКИ ШО САКАТЕ ДА ВИ ИЗГРАДИМЕЕЕЕЕ!!!**

Штом се тргнавме ние од екраните, ни се свртеа буквално сите во студиото да нѐ караат. Невоспитани сме билеТера емисијата, се фалат гостите меѓу себе и не може да издржи срце јуначко, се вмешавме јас и Ивана. Токму тогаш заврши првиот блок на емисијата и почнаа реклами. Штом се тргнавме ние од екраните, ни се свртеа буквално сите во студиото да нѐ караат. Невоспитани сме биле. Министерката за култура ме праша дали имам култура. Томиќ со блага насмевка нѐ поткарува, а архитектот Жан сериозен и строг, небаре Небесен Татко, ни држи придики за лепо понашање пред камери. Се приклучуваат Министерката и Градоначалникот. Ние збунети од третманот ко мали деца се врткаме лево десно на тоа столчињата, кога одеднаш се избацува една тетка која помага тука, ги преместува реквизите, а во меѓувреме и шминка гости, и истата ни вика: Ај малку покултурни бидете, не зборете веќе додека не ве прашаат.

Ејјјј, си викам, абе овде сите нѐ караат зошто сме се дрзнале да кажеме нешто. Ако чекавме прашање подобро ќе беше да се зафатиме со асистенција на камера некаде зад видеото кое врти ли, врти.

И така нѐ караа сите за време на сите реклами. Ама малку беше, па се префрлија притисоците ептен курназки и за време на емисијата. Прво се избаци „чоече ептен кул модерниот чоече“ Скулптор Јанев, кој ни се обраќаше како цуци, цури, шо ве пали бе кажете, среќо и слично. Сосема легитимно Ивана реагираше барајќи од водителот и домаќин (како што милува да се нарече) да реагира на овој стил на обраќање, кога се фрлија сите гости повторно бранејќи го чоече Јанев како културен за разлика од нас. Океј тераме, тераме ние две цуци (истиот кога го прашав дали на Градоначалникот би му се

обратил како Дечки, а на Министерката со Цуро ми одговори дека не сум модерна. Јеби га чоече не сум), и таман добивме шанса да си помуабетиме со Министерката (за која искрено и отидовме) почна велелепниот архитект Жан (автор на Милениумскиот Крст и мостот Влајко...лепотици две) безобразно да ѝ хушка и шепка на уво на Ивана едно те исто: Лош ментор имате, лош ментор имате, лош ментор имате, и така брзо и постојано повторувајќи го истово... а меѓу две три мантри за лошио ментор го убацуваше името Грчев.

госпоѓата виша конзерваторка, која цела емисија блебеташе празна слама (нешо у стилу позитивна мисла ако се има сè ќе биде добро...апсолутно вон контекст), нè испрати од зградата на МТВ со урлање - Кажете бе девојки шо сакате да ви изградимееееe!!!! Во меѓувреме, Министерката му кажуваше на Томиќ колку гледачи да вклучи, Жан се вртеше и наизменично мене и на Ивана продолжуваше да ни мантра, Томиќ ни вртеше грб, а најчудната од сите - госпоѓата виша конзерваторка, која цела емисија блебеташе празна слама (нешо у стилу позитивна мисла ако се има сè ќе биде добро...апсолутно вон контекст), нè испрати од зградата на МТВ со урлање - Кажете бе девојки шо сакате да ви изградимееееe!!!! Додека Жан заедно со неа урлаше повторно за менторите, само што овојпат од на никого познати причини во екипа со Грчев го вброи и Јован Донев - директор на Евро Балкан.

Лудилоооооо, а видеото си врти ли, врти.

femgerila.crnaovca.mk, 11.02.10.

**Ирена Цветковиќ** *беше редовен колумнист во весникот „Дневник“ и на порталот „Окно“. Вниманието на јавноста го привлече со својот блог „фемгерила“ (femgerila.crnaovca.mk). Таа е и значаен граѓански активист, меѓу другото и член на здружението „Плоштад слобода“.*

разговор со
минас бакалчев,
архитект

разговорот го водеше: Ѕвездан Георгиевски

9

# надвор од реалното време

**Постои една приказна дека вие и Митко Хаџи-Пуља сте интервенирале во заштитата од пропаѓање на макетата на Скопје, правена според урбанистичкиот план на Кензо Танге... Каде се сега тие макети?**

→ Макетите од проектот за централното градско подрачје на Скопје во историска и уметничка смисла се значаен документ за историјата на планирањето на градот. Цела генерација архитекти беа фасцинирани од виртуозноста на прикажаните просторни концепти. Макетатите од поединечните урбанистичко архитектонските композиции на клучните елементи од овој проект се во Музејот на град Скопје. Не ми е познато каде е интегралната макета. Во секој случај тоа е вреден материјал што треба да биде повод за формирање на Архитектонски центар на Скопје, кој, се надевам, ќе ја објаснува и из-

**ПАРАДОКСАЛНО Е ДЕКА НЕДОСТАСУВААТ ЕЛЕМЕНТАРНИТЕ НИВОА И СУКЦЕСИВНИ ЧЕКОРИ НА АРХИТЕКТОНСКА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО ПРОЕКТОТ „СКОПЈЕ 2014“.**

ложува архитектурата независно од политичките поларизации во општеството.

➲ **Се исплаќа ли воопшто да се чуваат овие макети, зашто и до сега перманентно се отстапуваше од овој урбанистички план? Сепак, се чини дека сега со проектот „Скопје 2014“ е направена сериозна ревизија, барем за делот на скопскиот плоштад.**

➔ Културата е негување на сопствените вредности. Макетите не се само документи на едно време, туку и пример за методата на обнова на еден град. Она што денеска недостасува е методичноста на размислувањето за градот, а со тоа и начините на репрезентација на архитектонската идеја. Парадоксално е дека недостасуваат елементарните нивоа и сукцесивни чекори на архитектонска репрезентација во проектот „Скопје 2014“. Што се однесува за ревизијата на проектот на К.Танге, таа е веќе претходно промовирана со проектот за Малиот ринг од деведесетите години од минатот век, но она што го прави проект „Скопје 2014“ посебен, тоа е екстремноста во анти-модерниот просторен исказ.

➲ **Парите за изведба на овој проект („Скопје 2014“) очигледно не се проблем. По 1963 година, урбанистичкиот план на Скопје се правеше преку меѓународни конкурси, со учество на светската архитектонска елита. Во овој контекст, сметате ли дека процедурата е запазена и дека целиот проект доволно транспарентно се спроведува? Како ви се чини начинот на кој е направен планот за скопскиот плоштад?**

➔ Планирањето за послеземјотресната реконструкција на градот е парадигма за обнова на еден град. Скопје е град на солидарноста, за планирањето на неговата урбана обнова е употребен посебен фонд при Обединетите нации. За централното подрачје на градот е распишан повикан меѓунаро-

**НЕ СЕ РАБОТИ САМО ЗА ПРОЦЕДУРАЛНО ПРАШАЊЕ, ТУКУ ЗА НЕДОСТИГ НА СУШТЕСТВЕНИ ЧЕКОРИ ВО ПРОЕКТОТ. ПРВО ИНТЕГРАЛНО ДА СЕ ЗАМИСЛИ, А ПОТОА ДА СЕ РАЗРАБОТИ.**

ден конкурс. На него учествуваат осум архитектонски фирми од Скопје, Белград, Загреб, Љубљана, Рим, Ротердам, Њујорк, Токио. Резултатот се осум верзии на просторниот концепт на Скопје, осум модели на централното подрачје. На база на избраниот проект на К.Танге се прави деветтиот проект. Последната фаза е изработка на урбанистичко-архитектонските целини на клучните теми на планот во мерило 1:500 и макети на тие фрагменти на планот во мерило 1:500 (оние кои се во депоата на Музејот на град Скопје). Фасцинантно! Прво се планира, потоа се гради. Ако го споредиме последователните чекори на проектната постапка на Скопје 1966 и Скопје 2014, Скопје 2014 изгледа ретрогардно. Ние гледаме синтетичка слика како "видео игра" отпосле, кога поединечни елементи се веќе во градба. Во таа смисла овој предлог е како резиме на низа паралелни инциденти и во него нема проектирано системско мислење што е предуслов кога се мисли за еден град. Не се работи само за процедурално прашање, туку за недостиг на суштествени чекори во проектот. Прво интегрално да се замисли, а потоа да се разработи.

➔ **Според сите енциклопедии што успеав да ги разгледам, подготвувајќи го овој текст, поимот плоштад се дефинира како „отворен простор". Ќе имаме ли ние плоштад и по 2014 година, ако се реализира оваа идеја.**

→ Плоштадот е отворен простор, но отворен простор кој е просторно дефиниран. Како и во случајот на секоја просторен тип, потребен е хоризонтален, но и вертикален план. На пример за дефинирање на една соба, потребна е површина, но и ѕидови што ја дефинираат таа соба. Така и во случајот на плоштадот потребен е вертикален план за да се создаде чувство на затвореност и одреденост на отворениот простор кој го наведувате. Меѓутоа прашањето за количината и ви-

дот на затворањето е отворено. Не е нужно секогаш да бидат артифициелни структури, зграда... Често и природните агрегати во градовите ја имат истата функција. Особено со постепеното згуснување на околината на плоштадот во Скопје зелената површина на западниот агол на плоштадот станува многу важен биоклиматски ресурс на целото ова подрачје и можеби повреден факт од било која градба. Секој оној кој во летниот период минува или застанува во таа зона може да ја почувствува таа благодет. Прашањето за отворениот простор станува навистина критично со планираната колонизација од скулптурите на плоштадот. Ако се има предвид ова количество елементи во него, крајниот ефект на овој проект е својевидна агорафобичност (страв од празен простор).

ОСОБЕНО СО ПОСТЕПЕНОТО ЗГУСНУВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА НА ПЛОШТАДОТ ВО СКОПЈЕ ЗЕЛЕНАТА ПОВРШИНА НА ЗАПАДНИОТ АГОЛ НА ПЛОШТАДОТ СТАНУВА МНОГУ ВАЖЕН БИОКЛИМАТСКИ РЕСУРС НА ЦЕЛОТО ОВА ПОДРАЧЈЕ И МОЖЕБИ ПОВРЕДЕН ФАКТ ОД БИЛО КОЈА ГРАДБА.

**Кој е контекстот на Трговскиот центар во Скопје и Триумфалната капија што се планира да биде изградена пред него. Вашиот колега Вангел Божиновски вели дека стилското мешање во современата архитектура не е проблем. Проблем ли е?**

→ Токму Скопје 2014 е доказ за спротивното! Во него хипохондрично се избегнува секакво претпоставено стилско мешање. Како град на „надлуѓе“, на идеални „над-згради“ од кои се тргнати сите сомнителни или „дегенерирани“ стилски формации. Како инаку да се разбере облекувањето на постојните згради со нова историска облека? Или формирање линија на левиот брег од историски „сувенири“ кои директно го негираат сложениот просторен концепт на културниот

> **ВО ОВОЈ ПЛАН РЕАЛНОТО ВРЕМЕ Е ИЗБРИШАНО СО БРИШЕЊЕТО НА РЕАЛНИТЕ ТРАГИ НА РАЗЛИЧНИТЕ ПРОСТОРНИ КОНЦЕПТИ И ИЗРАЗИ.**

центар (Македонската опера и балет)? Во овој план реалното време е избришано со бришењето на реалните траги на различните просторни концепти и изрази.

**Очигледно е дека прашањето на плоштадот стана горливо политичко прашање. Колкава е улогата, или одговорноста на архитектонскиот еснаф околу ова што ни се случува?**

→ Одговорноста е секогаш лична. Но, ова прашање ја отвора темата на перцепцијата и употребата на архитектурата во општеството, односно станува евидентна маргиналната положба на архитектура, како една пасивна позадина. Токму крајноста како долготрајната индиферентност кон архитектурата и неразбирањето на културно-социјалниот и економски потенцијал ја има за последица другата крајност - хиперактивноста и физичката конгестија во еден мал просторен отсечок на градот.

**И, на крајот: не само како архитект, туку и како граѓанин на Скопје, па и на Македонија, ви се допаѓа ли вам решението „Скопје 2014“?**

→ Во 1914 е датиран првиот генерален регулационен план на Скопје, потпишан од Димитрије Т. Леко. Со него започнува процесот на модернизација на градот во XX век. Несомнено тој план има клучно влијание за европеизацијата на градот и воспоставувањето на одредени просторни теми по принципите на уметничко обликување на градот на Камило Зите. Но, тој ја отпочнува серијата планови во кои постојното се гледа како една празнина, табула раса. Се надевав дека XXI век ќе биде век на препознавање и поврзување на различните фрагменти на градот. Но, „Скопје 2014“, еден век по првиот регулационен план на Скопје, ја повторува истата матрица, како град кој почнува од ново, град издвоен од време и про-

стор. Категоријата на допаѓање ми се чини не е доволна како критериум за проект на еден град. Затоа што не се работи за предмет, ниту за презентација која трае десет минути. Се работи за просторна организација која долго време ќе го детерминира животот на граѓаните во него.

„Глобус“, 16.02.10.

***мала белешка за авторот има на стр. 49***

10

# писмо до шехерезад

Драгаануме Шехерезад, ти пишувам од Скопје, едно *чок чок* убаво место, сигурно си чула за него? Ако по ништо друго, тогаш мора да си слушнала за нашиот симит? Покрај симит, ние си имаме и бурек, боза, баклава, шербет, тулумби, ќебапи, и многу други работи што ги прават блиски нашите ептен пријателски земји.

Веднаш да ти напишам дека јас секоја вечер ја гледам твојата серија, а за викенди дури правам вистински маратон и не станувам *од-пред* телевизор. Дома само тебе те гледаме со цела фамилија топ-тан. Ние ич не се ни замараме да следиме некои други таму си серии кои сакаат демек да сме ги сакале повеќе. Не, не, нема шанси, јас, и сите мои блиски, само тебе те сакаме и тебе те следиме. Можеби немаме споменик

> **НЕКОИ НÈ СОВЕТУВАА ДА СЕ ОБРАТИМЕ И ДО СОЛАНА, НО НИЕ ПОВЕЌЕ ТЕ САКАМЕ ТЕБЕ ДРАГА ШЕХЕРЕЗАД, И МИСЛИМЕ ДЕКА СИ МНОГУ ПОВЛИЈАТЕЛНА ОВДЕ КАЈ НАС ВО МАКЕДОНИЈА.**

за тебе, но во Скопје има неколку слаткарници кои со гордост го носат твоето преубаво име, Шехерезад.

Ете така, драгаануме, токму затоа што многу те сакаме, решивме токму тебе да ти се обратиме, за чаре, за совет, некој акал да ни уделиш, да ни помогнеш драга Шехерезад, ако се може, оти си имаме проблеми што ете нè сардисале, па не знаеме што да правиме. Некои нè советуваа да се обратиме и до Солана, но ние повеќе те сакаме тебе драга Шехерезад, и мислиме дека си каде-каде повлијателна овде кај нас во Македонија.

Градоначалникот на нашата општина, онака *апансас*, решил да прави *луна парк* од споменици среде плоштад. И ние ете онака со разум и *инсански* се обидовме да укажеме аман-заман, не ја бива работата, ако не ти работи бањата, не треба да арчиш пари за фонтани во авлија, па ако се гради треба со усул, со мера, според приоритети, и не му прави зијан на градот, ама јок, овој ништо, не слуша, ни тој, ни тие другите аги со кои пие кафе. Драга ануме, сè е тоа овде раскарано, и не може да се разбере човек со човека, да ти дојде да фатиш џенем негде јабана и баталиш сè.

Нашиот градоначалник влече корени од Пирот, а Пироќанците се драга ануме, познати како многу скржави луѓе и тешки цицијаши. И баш како за белја, овој се погоди за градоначалник, и тамам колку што Пироќанец скржави со своите пари, толку па без узул троши туѓи пари. Троши туѓо и не прашува колку чини.

Затоа ти пишуваме на тебе, како многу угледна ~~архитетка~~ архитектка да го искористиш твојот углед и како експерт да ни помогнеш, да најдеме некое чаре. Оти овде луѓево веќе ги фаќа с’клет и не знаат што да прават.

**ЗАТОА ТИ ПИШУВАМЕ НА ТЕБЕ, КАКО МНОГУ УГЛЕДНА ~~АРХИТЕТКА~~ АРХИТЕКТКА ДА ГО ИСКОРИСТИШ ТВОЈОТ УГЛЕД И КАКО ЕКСПЕРТ ДА НИ ПОМОГНЕШ, ДА НАЈДЕМЕ НЕКОЕ ЧАРЕ.**

Ти знаеш како да им објасниш на луѓево што чини, а што не чини, а тебе тие мора да те послушаат, оти нас обичнава раја никој ама баш никој, ич не нѐ есапи. Затоа те молиме да дојдеш овде кај нас да им објасниш на овие луѓе нешто за архитектурата, за тоа како, што и каде може да се прави и гради. Ти не само што знаеш најдобро, туку и нема човек кој овде би ти кажал не или не може, сите послушно ќе им удоволат на твоите зборови.

Ти би можела, како што те дал Господ паметна и убава, да им предложиш бизнис-план на нашиве аги, да се изградат безбели вистински корисни градби, на *прави* локации, кои ти и фирмата на твојот сопруг Онур би ги изградиле на најдобар можен начин и би придонеле народов наш да живее троа пораат.

Ние за ова секако многу би ти се заблагодариле, и иако не сме некоја богата земја сепак би можеле чесно да се оддолжиме за твојата помош. Еве од *одма* може да ти ветиме дека можеш Надиде и Бурхан да ги донесеш во Македонија и ние *одма* ќе им средиме да добијат бесплатен престој во бања, каде ќе можат да се изнаучиваат. И за превоз ќе им средиме за џабе, само гледај некако да се погоди кога ќе доаѓаат во Македонија да биде петок.

Секако, ти ветуваме ако тебе лично ти пречат Шеќеринска и Слаткаристика, ние *секундарно* ќе се потрудиме да ги маргинализираме и тргнеме од јавноста, само ти кажи ако ти пречат.

Исто, да не заборавиме, би те замолиле, ако може, да ги искористиш твоите врски и да ги замолиш овие од фирмата ТАФ да ни го средат аеродромот што поскоро. Вака со овој сега што го имаме странците секојдневно ни прават

сеир и личиме на некоја касаба, а не на сериозна земја која има така древни корења. Со нов аеродром ние полесно ќе доаѓаме на вашето прекрасно море и уште повеќе ќе придонесеме кон зближувањето на нашите народи. Те поздравуваме најтопло и чекаме твој брз одговор.

„Окно“, 24.02.10.

**Копач** *е редовен колумнист на порталот „Окно“. Помеѓу две колумни тој е скопјанец, блогер, дипломиран филолог, општествено-свесен, активен, добронамерен и конструктивен поединец кој редовно ја опкопува домашната бавча во потрага по вистината. Се дефинира себе си како граѓанин-борец за подобра иднина, најмногу против оние на кои и вака им е добро.*

# разговор со сузана милевска, историчарка на уметност

разговорот го водеше: Јасна Франговска

11

# естетските аргументи не се доволни без етичките

**Проектот „Скопје 2014“ предизвика многу и различни реакции на повеќе нивоа. Како го примате проектот на естетско ниво - како проучувач на уметноста? Како го примате на цивилно ниво - како граѓанин што ќе го практикува тој простор?**

→ Претпоставувам дека поборниците на модернизмот, на формалистичката естетика и до некаде на структуралистичките теории на уметноста би можеле да се нафатат да дискутираат за проектот „Скопје 2014“ исклучиво од аспект на чистотата на формата и важноста на стилот. По постмодернистич-

**ВАКВАТА ПОДЕЛЕНОСТ НА ВЛАСТ/ЕСТЕТИКА И ОПОЗИЦИЈА/ЕТИКА МИ ИЗГЛЕДА КАКО БЕСМИСЛЕНА И ЛАЖНА ПОЛАРИЗИРАНОСТ ТОКМУ ПОРАДИ ТОА ШТО ТАКВАТА ПОДЕЛБА ДЕНЕС НЕ ФУНКЦИОНИРА НИ ТЕОРЕТСКИ.**

киот пресврт во уметноста, теоријата и филозофијата од крајот на шеесеттите години на минатиот век, ваквиот дихотомски приод кон уметноста, кој на една страна ги разгледуваше прашањата на формата и стилот како естетички категории, а на друга страна ги издвојуваше прашањата на содржината, историско-општествениот контекст и етиката како вонестетски прашања и категории, стана ограничен и ирелевантен. Проектот на постмодерната беше, напротив, заснован на повикот повторно да се обединат естетиката и етиката, слично како во времето на античкиот идеал за спојот меѓу убавото и доброто. Денес пак модерната и постмодерната коегзистираат и затоа аргументите позајмени од естетиката и уметноста не можат да бидат доволни за да се оправда или негира некој проект, особено кога станува збор за проект од пошироко општествено значење како што е урбанизирањето на централното градско подрачје.

За жал, во текот на последниве недели слушнавме толку зли и грди изјави што мислам дека многу сме далеку и од двата идеала. Како да стана неможно да се дискутира со објективен и сериозен академски пристап за прашања што всушност и се од академска и стручна природа и како да стана неможно да се дискутира од аспект на една граѓанска загриженост за идниот изглед на овој град, а да не се биде етикетиран со некоја кратенка. На пример, како да не може да се биде за некое друго урбанистичко решение, а тоа да не значи по автоматизам дека човек е припадник на другиот политичко-партиски табор. Или, пак, како да не може да се биде за етички акции во солидарност со маргинилизираните по која било основа, а да не се биде истовремено дел од опозицијата. Ваквата поделеност на власт/естетика и опозиција/етика ми изгледа како

бесмислена и лажна поларизираност токму поради тоа што таквата поделба денес не функционира ни теоретски.

**Има ли смисла дебатата сега?**

Себеси не се гледам исклучиво како историчар на уметност, бидејќи сум и теоретичар на визуелната култура, која токму придонесе за разгледувањата на проблемите на уметноста во поширок културно-општествен и социјално-политички контекст. Затоа за мене е многу важно што сега првпат во Македонија се поведе една јавна дебата за прашања од областа на архитектурата и уметноста што сите нѐ засегнуваат и која ја гледам како потенцијал за градење делиберативна и партиципаторска демократија што се засновува токму на отворањето на јавната сфера во која сите граѓани добиваат можност да се вклучат во јавни расправи и можат да ги искажат своите незадоволства или воодушевувања од проектите на власта. Само што треба да се прифати фактот дека нема ништо лошо во тоа што вообичаено е ваквите дебати да траат по неколку години, како и самата потрага по најсоодветните тимови составени од урбанистички експерти, архитекти, уметници и критичари што би требало да ги изработуваат и жирираат предлозите за ваквите проекти, сразмерно на капиталноста и амбициозноста на спомнатиот проект. За добри крајни решенија треба да се биде многу стрплив и подготвен на огромни финансиски ризици и пропаднати предлог-проекти. Ако ваквите дебати почнуваат кога многу одлуки се веќе донесени, ние граѓаните и експертите сме всушност ставени пред свршен чин и треба само нешто да прифатиме (не знам воопшто дали се оставени други механизми и опции со кои би можеле да одбиеме освен референдум), тогаш логично е да се очекува дека крајните резултати нема многу да се разликуваат од првичните 3Д-симулации, па и самата дебата изгледа беспричинска и може лесно да заврши како симулација.

**Проектот е најавен како процес што од плоштадот ќе созда-де простор низ кој ќе проникнува македонскиот идентитет. Можете ли да се согласите со тоа?**

→ Идентитетот е општествено-културен конструкт, кој може индиректно да биде интерпретиран и препознаен во една локална архитектура и уметност, но и обратно, уметноста може да обезбеди возбудлив нов идентитет на еден град. Не знам подобар пример за ова второто од архитектонскиот проект на Френк Гери за изградбата на музејот „Соломон Гугенхајм“, кој го означи Билбао со една исклучителна архитектонска атракција и му додаде нова визуелна препознатливост, иако нема некоја директна врска со Баските и нивниот проблематизиран и потиснуван малцински идентитет. Уметноста и архитектурата имаат потенцијал да бидат и метафоричко ехо на идентитетот и активни креатори на нови идентитети, со што се отвораат некои релевантни прашања, но за жал немаат таква моќ фундаментално да ги решаваат горливите етички проблеми на нестабилните идентитети во мултикултурните општества поттикнати од совпаѓањата или спротивставеноста на различните интереси, бидејќи идентитетните политики и идеологии се покомплексни од прашањето на стилот и го надминуваат доменот на уметноста. Иако верувам во релевантноста на социјално-политички ангажираната уметност, мислам дека секој проект што очекува од уметноста да ни ги реши прашањата на идентитетот е осуден на неуспех - едноставно претставува невозможна мисија бидејќи за уметноста поставува однапред неостварлива задача.

**„Скопје 2014“ содржи градби што, условно, им припаѓаат на уметнички стилови непознати во нашата градителска, па и уметничка традиција. Има ли Македонија барок? Има ли неокласицизам?**

→ Овие прашања се прашања за сериозна расправа меѓу историчарите и теоретичарите на македонската архитекту-

> **ЗА МЕНЕ Е МНОГУ ВАЖНО ШТО СЕГА ПРВПАТ ВО МАКЕДОНИЈА СЕ ПОВЕДЕ ЕДНА ЈАВНА ДЕБАТА ЗА ПРАШАЊА ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТУРАТА И УМЕТНОСТА ШТО СИТЕ НÉ ЗАСЕГНУВААТ И КОЈА ЈА ГЛЕДАМ КАКО ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ГРАДЕЊЕ ДЕЛИБЕРАТИВНА И ПАРТИЦИПАТОРСКА ДЕМОКРАТИЈА ШТО СЕ ЗАСНОВУВА ТОКМУ НА ОТВОРАЊЕТО НА ЈАВНАТА СФЕРА ВО КОЈА СИТЕ ГРАЃАНИ ДОБИВААТ МОЖНОСТ ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ЈАВНИ РАСПРАВИ И МОЖАТ ДА ГИ ИСКАЖАТ СВОИТЕ НЕЗАДОВОЛСТВА ИЛИ ВООДУШЕВУВАЊА ОД ПРОЕКТИТЕ НА ВЛАСТА.**

ра, која би се водела врз аргументи базирани врз истражувања. Не би се осмелила во дефинирање на влијанијата на барокот врз локалната и регионалната архитектура, бидејќи за да се детектираат такви влијанија прво би требало многу да се прошири самата дефиниција на барокот, а за тоа треба да се најдат многу аргументи, а не само неколку фасади, пар штукатури и некои поетски апликации на терминот употребен како атрибут. Јасно е само едно: дека кој било евентуален објект лоциран во Македонија не бил изграден во автентичното време и култура на историскиот барокен стил, па оттаму секој евентуален барокен објект или елемент би бил некоја локална или регионална реинтерпретација, остварена подоцна и надвор од контекстот на историскиот барок. А впрочем, мислам дека со одговорот на тоа прашање и онака воопшто нема да дојдеме поблиску до одговорот на етичката дилема: дали проектот „Скопје 2014“ е воопшто остварлив, полезен за општеството и добро темпиран во однос на најургентните и најрелевантни потреби на нашето општество, култура и уметност денес.

**Каде да го бараме одговорот на тоа прашање?**

→ Можеме да го пронајдеме само сите заедно: експертите и неекспертите, естетичарите и етичарите, сиромашните и богатите, политички детерминираните и политички субверзивните, демократите и неолибералните конзервативци, маргинилизираните и оние на власт. Секој одговор даден од страната на само една од овие категории на граѓани нема да

биде адекватен на комплексното време што го живееме и на комплексната и амбициозна задача што самата влада навидум великодушно си ја поставила пред себе.

- **Како модерната теорија на уметноста го третира „воскреснувањето“ на уметнички стилови во нов контекст?**

→ Модерната епоха и модернизмот секогаш се залагаа за нови и радикални почетоци засновани на рушење на претходните стилови и на редуцирање или отфрлање на секој орнамент (став содржан во максимата на Алфред Лос и Мис ван де Рое - помалку е повеќе). Постмодерната теорија беше многу повеќе заинтересирана за критичкиот регионализам, т.е. критичкото преиспитување на испреплетување на регионалните стилови, и за пастишот на различните стилови каде што стилот, формата и функцијата не се во некој академски дефиниран сооднос или според некој познат рецепт (Роберт Вентури се шегуваше со модернистите: помалкуто е досадно). Современите теории, пак, не се толку исклучиви во однос на изборот меѓу модернизмот и постмодернизмот, но тоа не е одбрана на ставот дека сè може да појде и дека за стиловите треба да се разговара во некој етички вакуум.

**ИАКО ВЕРУВАМ ВО РЕЛЕВАНТНОСТА НА СОЦИЈАЛНО-ПОЛИТИЧКИ АНГАЖИРАНАТА УМЕТНОСТ, МИСЛАМ ДЕКА СЕКОЈ ПРОЕКТ ШТО ОЧЕКУВА ОД УМЕТНОСТА ДА НИ ГИ РЕШИ ПРАШАЊАТА НА ИДЕНТИТЕТОТ Е ОСУДЕН НА НЕУСПЕХ - ЕДНОСТАВНО ПРЕТСТАВУВА НЕВОЗМОЖНА МИСИЈА БИДЕЈЌИ ЗА УМЕТНОСТА ПОСТАВУВА ОДНАПРЕД НЕОСТВАРЛИВА ЗАДАЧА.**

„Нова Македонија“, 15.02.10.

**Сузана Милевска** *е професорка на Академија Италијана во Скопје. Заврши магистерски студии во Прага, посветувајќи се на теоретски истражувања на деконструктивистичката и фракталната школа во архитектурата (сѐ уште актуелна, со нејзините главни претставници Заха Хадид, Питер Ајзенман, Бернард Чуми, Рем Колхаас, Даниел Либескинд и славниот Френк Гери). Дури и магистерската теза ѝ беше посветена на деконструктивистичката теорија на фрагментот во уметноста и архитектурата, а во рамките на курсевите по историја на уметност и по анализа на стилови го предава барокот како историски правец и стил во сликарството, скулптурата и архитектурата.*

12

# the night at the ploshtad: битката на скулптурите

Таа ноќ, како и секоја вечер, Спасе тргна на работа. Беше си тој чувар на градскиот плоштад, и тоа веќе долги дејгиди години. Работата не беше нешто особено платена, но барем си беше чесна, си велеше така и Спасе, та задоволно одеше секоја вечер да го чува плоштадот и неговата поблиска околија. Спасе беше и самохран родител во постојана трка да ги врзе месеците и сметките едни со други, и да му овозможи на својот син основец угодно детство.

Како и секоја вечер Спасе помина кај семкарата до плоштад Пела, си зеде грицки и тргна накај плоштадот. Ќе направе-

СПАСЕ СЕ СВРТЕ НАГОРЕ И ГО ВИДЕ ПО КОЈ ЗНАЕ ПАТ, ПЛОШТАДОТ ИСПОЛНЕТ СО ГРАНДИОЗНИ СКУЛПТУРИ ОД СЛАВНОТО МИНАТО.

ше една обиколка, ќе присобереше по некоја лименка патем, или некое друго ѓубре останато од преку ден, па ќе ја збереше в корпа. Потем ќе минеше долу по кејот да го почувствува Вардар, да ги наполни градите со свежиот здив на Вардар донесен од Шара. Си беше убаво сѐ за Спасе и таа вечер, но самиот тој кутар не ни можеше да претчувствува што го очекуваше таа вечер.

Се сврте нагоре и го виде по кој знае пат, плоштадот исполнет со грандиозни скулптури од славното минато. Александар Македонски на својот славен Букефал, распослан грандиозно на средината на плоштадот, до него Никола Карев и Гоце Делчев, нешто подолу Јустинијан, па до нив Цар Самуил, Гемиџии, Кирил и Методиј, јунак до јунак се збрал, како светилници од славното минато. За Спасе беше неизмерна гордост да се грижи за нив, да ги разбрка хулиганите, да им примавне со прсте на неблагодарните, па дури и да ги подзачисти понекогаш од некоја невнимателна птичка или подзаборавено кученце. Го правеше тоа со извонреден ентузијазам и чест, Спасе просто беше свој на своето.

Таа вечер приседна малку на една од клупите на плоштадот и изморен од долгиот ден си рече, *дај малку да ги пододморам очите*. И така миц-миц, заспа Спасе. Не беше тоа вообичаено за секогаш орниот и национално будниот Спасе, но таа ноќ ништо не беше вообичаено. Како да му дојде некој така сладок сон, го опи и го прелажа и тој подзаспа малкунѕа.

Развеан низ облаците на своите благоугодни соништа Спасе одеднаш го раздвижи и разбуди некој чуден звук. Мрдна малку, туф-туф, кога има што и да види: скулптурата на Јустинијан нешто се размрдува, стресува троа прашината од себе, се врти кон онаа на Самуил, па ѝ приговара: „Кој ли умен мене ваков Римски високодостојник ме ставил до овега, не знам

„ОЈТЕ СТОЈТЕ ПЕЗЕНВЕЦИ ЕДНИ, ПА КОИ СТЕ ВИЕ ТУКА СО ЏЕВА ДА СЕ РАСФРЛАТЕ К'О ПЛОШТАДОВ ДА Е НА ТАТКА ВИ?“

ни што е? Питач ли е, скитач ли е? Какво понижение, о фортуна, о фортуна!“ На ова Цар Самуил онака едно вртење па му одговара: „О незнајна ти будало еј, па знаеш ли ти кој сум јас? Која ли мајка те родила така затупавена, па јас сум Самуил, Царот Охридски, ништачот на Византиски и Дукљански војски!!!“ На ова Јустинијан, *нийеш-нишес*, му довикува: „Ој ти трошко низаедна! Зарем можеш ти варварину ништожен да се мериш со мојата развеличеност, па ти знаеш ли во мое време кое величество бев бил јас? Римското Царство и мојот бизантиум јас ги државв врз свои плеќи и немаше помоќен владетел од мене, земјата се тресеше под моите сандали, еј!!!“ Самуил хронично надрнкан на римско-византиски кремчиња веќе беше при крај со трпението, и сакаше да тргне накај него, кога од зад се заслушна глас: „Ојте стојте пезенвеци едни, па кои сте вие тука со џева да се расфрлате ко плоштадов да е на татка ви?“ Беа ти тоа Гемиџиите наредени гордо еден до другега, проговара Орцето, па договара Мечето: „Приберете тоа муцките да не ви врлиме два-три динамита, та да видите кој е тука вистински владетел на земјата македонска!“ На сева оваа збрка и фрка, се вознемири Букефал, та почна да фрчи силно од своите ноздри, саде искри заискрија, фучење се чу, па пена му се зададе, а Александар му ги стега уздите, па пушта глас: „Мирувајте ој вие џуџенца водоземни! Зарем на мене, Александра Великога сонот му го кршите! Па знаете ли вие акрепишта земски дека со еден потег на мојот меч, ќе направам од вас гордиева салата?!? Мирувајте, мирувајте, оти му реков на Букефала да ве расклоца, та ни Калето нема да ве прибере!“

Спасе гледа што се случува, не му се верува на очите сопствени, па вчудоневиден од оваа глетка, го загуби здивот и не

знаеше што да прави. Кај да се јави, кого да повика, што да прави? Да се јави на својот шеф, овој ќе го смести во Бардовци побргу отколку си изговорил „книшка“, а друг некој да бара во ова време-невреме и да немаше.

Одеднаш од друга страна се зачу продорен повик, беше тоа Никола Карев, пушта глас-проглас: „Браќа земљаци и мили комшии, без разлика на вера, народност, пол и убежденија, ние ве имаме како сфои браќа, дајте да се збереме и обединиме против заедничките фанариотски душмани! Ве жаљаме како сфои браќа, бидејќи разбираме оти и вие сте робје како нас, робје на богатите и на силните, робје на насилниците и на зулумќарите, шчо ја запалија царшчината македонска од четирите страни и шчо нè натераа нас да дигниме глава за право, за слобода и за чоечки живот. За право, за слобода и за чоечки живот ве каниме и вас да дојдите заедно да водиме борба!“

Продорниот проглас на Карев ги подзапре малку и Гемиџиите и Самуила кои скоро да беа на получекор да замавнат со своите рачишта и да удрат по другите, Јустинијан уште онака во брада нешто си броеше, а Александар сè уште не го беше спуштил својот меч, но како да проценуваше што да прави. И кога ситуацијата се беше некако потсмирила, а Спасе се готвеше да им пријде даги потсмири скултпурите, одненадеж од страна на Ристиќева се зачу тремор тегобен: Шмизлата растрчана, бега, мобилниот преку глава, ташничето развеано, а зад неа Бикот! Спасе залелека, си помисли „Ајдее, оваа пак му набила рогови на бикот, ненормална!“ Трча Бикот, бега Шмизлата кутра, а Спасе онака што да прави зима наметката од Кирила, замавнува на лево, замавнува на десно, па му свикува на Бикот „Оле, оле, воле, оле, оле!“ Бикот троа збунет, но се поврати бргу, па му се зададе на Спасета. А Спасе, ни сам не знаејќи дека од едно гледање филмови се станувало ем тореадор ем матадор, охрабрен, врти лево, врти дес-

но, пируета, 360, 720 степени, виртуозно, а Бикот облеан во пена, збунет кутриот не знаеше кај да се сврти. Замавнува со роговите, но попусто, Спасе фатил *моментум*, што шпанската кралска гарда би му позавидела на достојноста и елегантноста во движењата. На тоа тука го понесе жарот на сцената, а Александар онака со лесен зглоб подзамавна, па му ги скуси роговите на бикот, онака оп, во еден царски потег. Бикот виде дека „овај ноч није његов дан“, па се поткопа малку и потем затрча назад кон улица Македонија, да си ги лечи раните и суетата. Спасе му се сврте на Александар и му вика: „Фала ти, император си!“ Кога од таму му се обраќа Самуил: „А јас што сум?“ Спасе се поднасмевна, па му кажа: „Ти си цар, немаш гајле, стварно си цар“. Самуил кимна задоволно со главата и се повлече чекор назад на своето место.

СПАСЕ МУ СЕ СВРТИ НА АЛЕКСАНДАР И МУ ВИКА: „ФАЛА ТИ, ИМПЕРАТОР СИ!“ КОГА ОД ТАМУ МУ СЕ ОБРАЌА САМУИЛ: „А ЈАС ШТО СУМ?“ СПАСЕ СЕ ПОДНАСМЕВНА, ПА МУ КАЖА: „ТИ СИ ЦАР, НЕМАШ ГАЈЛЕ, СТВАРНО СИ ЦАР“.

Откако малку се потсмири ситуацијата Спасе му се приближи на Гоцета, па му кажа: „Даскале, ти како што го гледаш светов како културен натпревар, дај приреди им еден квиз на нашиве херои, дај од тоа твоите читанки еден натпревар во знаење, а Кирил и Методиј ќе бидат комисија и записничари“. „Бива“ – вика Гоце – „а со колку прагови да биде квизот?“ „Со два прага Гоце, со два“ – му возврати Спасе самоуверено, па Гоце на тоа ти извади од појаса книжуле едно и почна да ги прашува скулптурите, од кај се што прават, со што се занимаваат, па почна онака си со фини прашања, прво лесни, па малку посложени, и така редум. Добро се држеше Гоце, ко со Трендо на ист тренинг да оделе, бреј.

Спасе конечно воздивна, се смири дека се потсреди состојбава, а од исток веќе Сонцето се воздигаше лека-полека. Виде тој дека неговата работа овде е завршена, како што ќе зарумenee сонцето скулптурите ќе се вратат в длабок историски сон, а тој возгордеан од своето лично херојство ќе се врати дома и ќе го погали синчето кое уште спие и мило ќе му каже „стани синко, појди на школо“ знаејќи дека токму тој ги спасил читанките по историја во најмала рака.

„Окно“, 20.05.09.

***мала белешка за авторот има на стр. 64***

## разговор со небојша вилиќ

разговорот го водеше: Дејан Буѓевац

13

# скопје умира од невкус

**Се гледа ли крајот на оваа примитивна транзиција во естетската и архитектонската физиономија на Скопје?**

→ Тековната конзервативна идеологија не ме убедува дека ова ќе има крај. Но, во определувањето на транзицијата како „примитивна“ треба да се внимава - таа е „примитивна“ од аспект на модернистичката проективност и концептот *moderni*, но е „суштинска“ од аспект на предмодерните *antiqui*. Сè зависи од тоа кон која идеологија приклонувате. Додека стоев пред новопоставената скулптура „Шмизла“ од Димитар Филиповски (за мене потполно непознат автор), додека се згрозував од неумешноста на изработката на нејзината фигуративност и додека се прашував која комисија ја одобрила нејзината изработка, до мене стоеше еден постар господин, обичен граѓанин на Скопје, целиот восхитен од неа.

**ВО ПРВИОТ МИГ И ЈАС МИСЛЕВ ДЕКА СТАНУВА ЗБОР ЗА СЛУЧАЈНИ ПОТЕЗИ, ПОТЕЗИ ОД НЕЗНАЕЊЕ, НЕИНФОРМИРАНОСТ ИЛИ ТВОРЕЧКА НЕМОЌ, ДУРИ И „САМО ИГНОРАНТСКИ И ИТРИ ПОЕДИНЕЧНИ ИНТЕРЕСИ“, НО СЕГА ВЕЌЕ СОГЛЕДУВАМ ДЕКА СТАНУВА ЗБОР ЗА СИСТЕМСКО УНИШТУВАЊЕ ПРЕКУ ЕДНА СЕРИОЗНА ИДЕОЛОШКА ПАРАДИГМА**

Ме погледнува и убедено ми се обраќа: „Бра’о бе, Грујо, алал да ти е!“ Мојата „модерност“ (која ја втемелува идејата за проективноста од позиција на напредок) се судри не со можните различни естетски аспекти и восприемањето на скулптурата на господинот, туку со неговото политизирано доживување на истата таа скулптура. Оттука, тоа што нас „модерните“ нè буни е очекувањето транзитирањето да се одвива кон поновото (новумот, покрај прогресивноста, е уште една суштинска особеност на модерниот проект), та затоа и нашата квалификација на тековноста како - „примитивна“. Но, од друга страна, пак, конзервативното очекување не е врзано за прогресивноста-преку-новото, туку за зачувување и понатамошното развивање на вредностите преку запирање и оневозможување на прогресивноста во модерната смисла на зборот, којашто, како и да е, се врзува за гледањето нанапред преку претпоставување на тоа што треба да се случи, во спрега со целата неизвесност од новото. Да, за тоа треба храброст, творечкост и отворен дух. Афирмацијата на минатото и традицијата е само закрила за нехрабриот, нетворечкиот и неотворениот дух кон ризични промени - тоа е безбедното одење по патот на веќе потврдените вредности.

**На што сме ние, всушност, сведоци кога е во прашање денешното обликување на „урбаниот пејсаж“ на нашиот град? Какви ќе бидат јавните, културолошките и психо-социјалните последици од ваквото делување? Дали имаме право да се чувствуваме навредени?**

→ Да. Јас, лично, се чувствувам навреден. Да, бидејќи приклонувам кон групата на оние кои и понатаму веруваат во модерниот (сега веќе престорен во постмодерен) проект. Но,

**ТОА ЌЕ БИДЕ ПОРАКА КОЈА ЦЕЛОСНО ЌЕ ГИ УПРОПАСТИ ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ. ЕДНО ЖИГОСУВАЊЕ И ЗАПЕЧАТУВАЊЕ НА БЕЗИДЕЈНОСТА НА ВРЕМЕТО ВО КОЕ ЖИВЕЕМЕ.**

погоре сакав да кажам дека постои и една друга група којашто верува во конзервативните идеи. И тоа токму во толкувањето на конзервативизмот од страна на македонскиот филозоф Бранислав Саркањац, во една негова скорешна колумна во „Дневник", како идеологија на сочувување на минатите, а не развивање и додавање, градење на нови вредности. Сведоци сме на она што Саркањац, во еден негов постар, извонреден политичко-филозофски труд именуван како „Идеологијата и субјективитетот", го определува како „остварена идеологија" - „ситуација во која идеологијата, остварувајќи се, го завршува својот процес, во која се поклопуваат идеологијата на оние што владеат и владејачката идеологија". Во оваа ситуација, би додал, и заради тоа што опозициската, спротивставувачката идеологија веќе ја изгубила моќта на и за позитивна корективност на владејачката идеологија. Нашиот, не само скопски, урбан пејзаж е само преслик, поточно - остварување, резултат, последица на остварената конзервативна идеологија. А какви или кои ќе бидат последиците? Па, не треба да се биде многу умен за тоа - тие ќе бидат во духот на владејачката идеологија: ќе се создава вистинитост врз основа на владејачката идеолошка парадигма која веќе создава (или, како што би рекол Саркањац, која е веќе „делотворна", а не само „дејствена") субјекти на стварноста со не/без-проективен, не/без-нов и затоа не/без-прогресивен поглед на иднината и понатамошноста, субјекти кои схизофренично ќе талкаат помеѓу инструментилизираното изминато, политизираното сегашно и безидејното идно.

- **Дали на нашиот урбан, животен и културен контекст му се случува една систематска девастација, систематско себеукинување или се во прашање „само" игнорантски и**

**итри поединечни потреби, кои ги голтаат сите претходни архитектонски достигнувања и евентуални можни визии за Скопје?**

→ Во првиот миг мислев дека се работи за случајни потези, потези од незнаење, неинформираност или творечка немоќ, дури и „'само' игнорантски и итри поединечни потреби", но сега веќе согледувам дека се работи за - да, системско уништување преку една сериозна идеолошка парадигма. На сцената е стапната, веќе одамна, делотворноста на идеологијата на конзервативизмот. Периодот на македонската нова вистиност за стварноста најјасно се исцртува уште со појавата и делувањето на првите музички групи од типот на „Мизар" (прочитајте како е именуван нивниот последен албум), „Архангел" или „Анастазија" (но без албумите „Лице гори" и „Ноктурнал"), преку изборот на знамето со ѕвездата од Вергина, рушењето на џамијата врз Климентовата црква на Имарет (денешниот Плаошник) во Охрид и возобновувањето на истата црква, археолошко-ископувачката еуфорија, лакрдијата со преименувањата, дури и на авто-патишта, во „Александар Македонски" или „Филип II", наградата „23 Октомври", Милениумскиот крст на Водно (кој, патем, заради својата ориентација е само геометриска форма, а никако не и христијански крст), воскреснувањето на фантомите на зградите на Македонскиот народен театар, Офицерскиот дом, возобновувањето на црквата на плоштадот... Архитектурата на Спомен домот на Мајка Тереза на Вангел Божиновски и Слободан Живковски, а и она самоиницијативно здружение на Стојан Тренчевски „Скопјанката Мајка Тереза", се само - кулминација.

➔ **Зошто, наместо отворено и современо практицирање во решавањето на постоечките урбани проблеми на градот, ни се случува само агресивно повикување на слики од минатото и сценографски испразнето реанимирање на некогаш-**

**ни објекти? На што се должи ваквото помпезно производство на архитектонски историцизми во нашиот простор?**

→ Хм... заради погоре кажаното. Ре-производството или реанимирањето на архитектонските историцизми се должи или на многу внимателно поставена и умна стратегија или на потполно непознавање на идеолошките обрасци во историјата на архитектонската мисла. Тоа што мене ми е интересно во сè тоа е следното: обновувањето на тријадата на скопскиот плоштад со старата зграда на Офицерскиот дом, банката и црквата. По сите дефиниции тоа е (воз)обновување на симболите (или знаците) на општественото уредување на Кралството на СХС или, подоцна, Кралството Југославија, односно, нејзините три столба: војската, капиталот и религијата. (Пренамената на Офицерскиот дом во Гратска куќа не ја менува мнемоничноста и семиотиката на старата зграда, особено кај „старите скопјани".) Со други зборови, дали ние тоа го возобновуваме идеолошкиот образец на старото кралство? (Не е случајно што зградата на театарот е од другата страна на Вардар - културата и уметноста и тогаш не претставувала стожер на монархијата.) За нечија жал, архитектурата не е само архитектонската форма, туку, пред сè, нејзината контекстуализација. Тоа, изгледа, или се заборава или се превидува или не се знае. Уште ако на тоа се додаде и замената на кралските коњанички скулптури на Аугустинчиќ пред Камен мост со коњаничките скулптури на Гоце Делчев и Даме Груев, лавовите на двата краја на мостот „Гоце Делчев" и згора на тоа уште и мега-скулптурата на Александар Македонски... Со нивното „втиснување" во веќе постоечкиот различен архитектонски кодов амбиент создаден со: квази-неокласицизмот на фасадата на Ристиќевата палата, модерната линеарност на зградата на Стопанската и индустриска комора (поранешната „На-Ма"), едноставниот темен монолит на зградата на ЕВН, визионерската транспарентност и менливост на стакле-

ните ѕидови на Гратскиот трговски центар, ризоматиката на покривот на и отвореноста кон плоштадната широчина пред зградата на „Лумикс“, групата на новите ултра-модерни градби од другата страна на плоштадот - добиваме потполна какофонија, кодов шум и потполна дезориентираност на пораката што (концептуално и идеолошки) веќе ја испраќа скопскиот плоштад. Дури тоа ќе биде порака којашто потполно ќе ги упропасти идните генерации. Тоа ќе говори за, тоа ќе ја жигоса, ќе ја запечати безидејноста на времето во коешто живееме. Уште одсега не верувам дека идните генерации ќе бидат горди на таквиот еклектицизам (внимавајте - не зборувам за постмодерните: пастиш, цитат, рециклирање или палимпсест, туку за 19-вековниот, од историјата на архитектурата и уметноста негативно оценет збир на различни архитектонско-текстовни предлошки) како што сум јас горд на модернистичката проективност и визија за постземјотресно Скопје, најдобро и највпечатливо олицетворени во бисерот на тогашната и таквата македонска архитектонска мисла - Гратскиот трговски центар на архитектот Живко Поповски.

➔ **Како историчар на уметноста, како ги доживувате најновите скулптурални „освојувања“ во центарот на градот? Поставени се неколку скулптури, се очекуваат на десетици други, а како топ приоритет на овдешната културна моќ се очекува поставувањето на 30-метарската скулптура на Александар Македонски? Спроти таквата скулптура, фонтана од која ќе „течат“ песни од Тоше Проески, а во близина и црква...**

→ Како?! Со горчина во душата, со бес во чувстата и со отпор во главата.

Но, кога би тргнал од Камен мост, веднаш би ги претопил: дрвото-хермафродит на Дамјан Ѓуров (диспропорција на фигурата и столбот, анатомијата), вљубениот пар (заради недоискажаноста на формата и преголемата издолженост) на

Димитар Филиповски, споменикот на Мисирков на плоштадот „Пела“ на акад. Боро Митриќески (за да не го гледам тоа бедно кускуле од човек), Мајка Тереза на акад. Томе Серафимовски (заради дисфункционалната анатомија и гревотниот изглед), „Шмизлата“, повторно на Филиповски, (заради искичменоста - резултат на непознавање или неумешност да се изработи фигуративност), жената на акад. Томе Серафимовски спроти Музејот на Град Скопје (заради пренагласената робусност на женското тело и патетичноста на нејзиното разбивање), а онаа безидејна апстрактно-линерна метална форма (нема податок кој е авторот) (наспроти претходната) би ја исекол на парчиња, како и новата скулптура на Мајка Тереза во Спомен домот на Г. Земла [G. Zemla] која би ја искршил уште пред и да ја постават. Додека, малото симпатично девојче на Гоца Каникова би го преместил пред самиот пешачки премин (заради тоа што таму ѝ е и местото, а вака „преминува“ преку (недозволената) линијата за застанување на автомобилите), а „мачката“ на Томе Аџиевски би ја преместил врз некој тревник (заради тоа што воопшто не одговора на местото на коешто е поставена и заради тоа што истата скулптура совршено соодветствува (како веќе поставена) во/со паркот на АСУЦ „Боро Петрушевски“).

Останатите скулптури не би ги коментирал, бидејќи не знам ниту какви ќе бидат, ниту каде ќе бидат поставени.

Но, би го прокоментирал главниот идеен проект: брендирањето на Скопје како град на јавна скулптура. На пешачка должина не подолга од 1,5 километар да се постават 50-тина скулптури е рамно не на невкус, туку на лудост. Не разбирам - зошто? Башка, во цела Македонија нема 50 вајари кои имаат континуирана изложбена дејност преку која би можел да оценам кои се тие 50-тина кои би создале скулптури. Од овие петмина досега, како за вајар можам да зборувам само за Аџиевски, Каникова ја знам само како дипломиран студент на ФЛУ, а другите се потполни анонимуси од аспект на нивното изборено и докажано место на македонската уметничка сцена. Со други зборови, македонската сцена нема толкав

авторски и творечки капацитет (не зборувам за број на дипломирани вајари) за исполнување на толку голема порачка (колку и да е таа добронамерна и позитивна). И затоа ни се случија овие многу лоши скулптури. Како ли ќе биде со сите 50 - страв ми е дури и да помислам.

**МАКЕДОНСКАТА ЛИКОВНА СЦЕНА НЕМА ТОЛКАВ АВТОРСКИ И ТВОРЕЧКИ КАПАЦИТЕТ (НЕ ЗБОРУВАМ ЗА БРОЈОТ НА ДИПЛОМИРАНИ ВАЈАРИ) ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ТОЛКУ ГОЛЕМА ПОРАЧКА (КОЛКУ И ДА Е ТАА ДОБРОНАМЕРНА И ПОЗИТИВНА). И ЗАТОА НИ СЕ СЛУЧИЈА ОВИЕ МНОГУ ЛОШИ СКУЛПТУРИ.**

Скулптурата-фонтаната-пејачката Александар Македонски е врв на „идијотштина“ уште со самата помисла. Пандан на најновиот објект на Вангел Божиновски и Слободан Живковски. Се прашувам: можно ли е на толку богата, толку прокламирана, толку фалена македонска мината и тековна култура да се роди еден ум што ќе смисли и објави такво нешто!!! Тоа значи критика за сите нас: не сме успеале ништо и никого да воспитаме со тоа што како култура го имаме и го создаваме. Помислувам дека бадијала сум ги пишувал книгите, сум ги правел изложбите, сум ги држел часовите. Бадијала 20 години ја претставувам македонската уметност во странство, кога дома еден локален функционер, Виолета Аларова, може да има толку мал интелектуален капацитет и да го предложи овој концепт. И тоа како компромисно решение?! Толку ли не се знае каде водат и како завршуваат сите „компромисни решенија“? Невидено! Но, тоа само ми дава поттик да продолжам. Белким, еден ден ќе се родат и некои други клинци.

**➔ Каде е курцшлусот со целава естетика во Скопје? Спомнете некој позитивен пример?**

Кога имате инстант или фаст-фуд концепција за култура, култура-за-еден-ден, рамковна-култура, каде да се бара курцшлусот, ако не во погрешното толкување на суштината на демократијата и узурпацијата на моќта на одлучување преку институциите на системот. Многу одамна во јавноста тоа прашање го потегна колегата Златко Теодосиевски, мислам дека случајот беше со споменикот на Мајка Тереза на акад.

Серафимовски. Тогаш тој пишуваше за заобиколувањето на законските прописи, комисиите и одлучувачките тела во решенијата за поставувањето на скулптурите и спомениците во јавните простори. Но, тоа е, да кажам, административниот аспект на проблемот. Творечкиот аспект мислам дека се однесува на духовната ерозија и на, а пред сè, уметниците, а потоа и на стручната јавност и нејзиното непроизнесување за остварувањата на истите. Вината е заедничка. Имаме состојба на замолкнати институции, апатични критичари и уметници кои не сакаат да инвестираат во сопствената интелектуална надградба и занаетчиско усовршување. Немаме ангажирани, бунтовнички и борбени млади: традиционалните (значи - од народот смислените) културни урнеци од типот „тато носи - мама меси" и „наведната глава сабја не сече" не ни можат да создадат млади кои ќе донесат промени. Постарите само додаваат на таа ситуација со сопственото предавање и повлекување заради верувањето дека ништо не може да се смени. И така во круг: уметниците ги криват критичарите, критичарите институциите, институциите и уметниците и критичарите.

Во тој ослободен, празен простор навлегуваат оние немушти и безидејни уметници (но не и автори) за кои е поважно да ја искористат можноста за афирмација и подолготрајно и трајно присуство (да повторам, без претходна изложувачка и критичка верификација), евентуално да дрпнат од финансискиот колач „50 скулптури" преку шурувањето со партиите, отколку да се заложат за постепена изградба на сопствена ликовна поетика, па оттука и додавање на нови вредности. Како поинаку да си објаснам каде ја снема творечката моќ на скулптурата „Св. Климент Охридски" на Петар Хаџи-Бошков пред НУБ „Св. Климент Охридски" - едната од малкуте вистиниски творечко моќни скулптури во целата историја на скулптурата во Македонија. Па, ако сакате, дури и украдената скулптура на Благој Чушков пред Уни банка на оние весели музичари е далеку пред сите овие пет нови поставени урбани скултури - ако не за друго, тогаш сигурно заради пропорционалниот

однос спрема амбиентот, веселоста на поднапиените музиканти која го разгалува(ше) секој поминувач, дискретноста и ненаметливоста во појавувањето и присуството...

➔ **Според Вас, што треба да значи јавна уметност во јавен простор, односно, какви се улогите на уметноста во урбаното планирање на јавниот простор?**

➜ Уметноста во јавниот, пред сѐ, јавниот отворен простор (плоштади, пешачки зони, улици, паркови) е една од најсложените задачи за уметникот. Постои низа од категории коишто делото треба да ги поседува за тоа вистински и да профункционира. Во основа станува збор за три вида и тоа: споменична, улична и паркова скултура. Сите тие траба да водат грижа за темата, намената, локацијата и, што е најважно, просторно-содржинската контекстуализација. Таа е, пред сѐ, нарачана уметност со однапред зададени барања (тематски, содржински, локациски, урбанистички итн.) Големината на успешноста на оваа уметност е врв на културното поимање на времето и просторот и на порачувачот и на уметникот. На пример, во Скопје не може да се случи посакуваната „Фонтана Треви“ на градоначалникот Костовски затоа што Македонија го нема Бернини. Поточно, Македонија не може да создаде еден Бернини, затоа што ниту е во прашање судирот на реформацијата и контрареформацијата во рамките на црквата како институција, ниту е во прашање верификацијата на новата капиталистичка форма на нестоковата размена, ниту е пак во прашање судирот на капиталот со монархијата или црквата. Искрено, од аспект на социологијата на уметноста, ние и добиваме уметност каква што и заслужуваме, уметност која е одраз на општественоста таква каква што е и тоа мене не ме чуди. Затоа, понатаму, големината е и во капацитетот на творечкиот дух да ги спои сите овие сложени, на моменти и спротивставени барања на нарачувачот. Име-

**ВО ТОЈ ОСЛОБОДЕН, ПРАЗЕН ПРОСТОР НАВЛЕГУВААТ ОНИЕ НЕМУШТИ И БЕЗИДЕЈНИ АВТОРИ ЗА КОИ Е ПОВАЖНО ДА ГРАБНАТ ОД ФИНАНСИСКИОТ КОЛАЧ НАРЕЧЕН „50 СКУЛПТУРИ“ ПРЕКУ ШУРУВАЊЕТО СО ПАРТИИТЕ, ОТКОЛКУ ДА СЕ ЗАЛОЖАТ ЗА ИЗГРАДБА НА СОПСТВЕНА ЛИКОВНА ПОЕТИКА.**

но, одговорно е да се нафатите со создавање на уметност и нејзино поставување во јавен простор. Затоа и дразни леснотијата со која нашите уметници се нафрлуваат во и се нафаќаат за изработката на овие нарачки. Конечно, и во светски рамки мал е бројот на вакви успешни остварувања. Ова пак, особено важи за одговорноста за споменичната уметност. Уличната јавна уметност треба да го одразува урбаниот сензибилитет на градот, додека парковата би требала да внимава на спецификите на паркот како зачувана оаза на напуштената од градот природа.

Оттука, клучна улога во поставувањето на уметноста во јавниот простор, пред сите треба да ја имаат урбанистите, а не како што е кај нас - политичарите. Токму заради фактот што оваа уметност, особено уличната, смета на факторот на изненадувачки топои: движејќи се по урбаните комуникации наидувате на таков еден проблесок на неочекувана уметничка сензација. Погледнете како се поставени сегашниве пет - тргнати на страна, како да се нужно зло, та морале да ги постават... Но, да не судам однапред, можеби е оставено место за скулптурите коишто допрва треба да се постават... како и да е - лош почеток. А со сите поставени скулптури- улицата „Македонија“ ја замислувам вака: „скопската кроасета како мртва природа“...

➔ **Дали имаме јавна сфера, демократска сфера и културно граѓанство кое ќе успее да го сочува кревкиот идентитет на цивилизирано и креативно доживување/градење на градот, наспроти доминантните замислени архитектонски и сите останати идентитети?**

→ Знаете, оваа многумилионска евро инвестиција ме потсетува на скулптурата на Роден „Бронѕено доба“ од 1876-7. Не

само заради тоните бронѕа коишто ќе се истопат во скулптури. Роден машкиот акт како се буди го именува со тој наслов мислејќи на бронѕеното доба (како дел од историјата на човештвото) како будење на човештвото. Во неговата импресионистичка форма вградена е проективноста на прогресот, новумот и вербата во времето коешто доаѓа. И токму затоа таа скулптура е толку многу парадигматична. Дали можеме да претпоставиме дека нашава бронѕена акција сака да ни го каже истото? Дали побронѕувањето на новото брендирање на Скопје навестува таква проективност? Дали е ова „бронѕеното доба“ на Скопје? Според погоре кажаното мислам - не. Токму заради заобиколувањето на јавната сфера, на демократската обврска на институциите во одлучувањето и одговорноста на сите нас кои ја создаваме и одржуваме стварноста во којашто живееме. Но, еден дел од одговорот на ова прашање може да се погледне и во делата на уметниците во рамките на 8 Биенале на млади во Музејот на современата уметност во истото ова Скопје. За такво нешто има основа, бидејќи насловот, поставен од кураторката Мира Гаќина, неслучајно е - „Идентитети“. Верувам дека овие млади ќе успеат да го сочуваат и понатаму да го развиваат и дополнуваат „кревкиот идентитет на цивилизираното и креативното доживување/градење на градот, наспроти доминантните замислени архитектонски и сите останати идентитети“. Упатно е да го погледнат и конзервативците (за да се запрашаат што тоа тие прават и зошто) и прогресивците (за да се запрашаат каде тие во меѓувреме згрешиле и зошто). Верувам дека не е сѐ изгубено. Ова е мојот прилог кон ова верување.

**ОДАМНА МИСЛЕВ ДА ПОСТАВАМ ДИНАМИТ ПОД ОБЈЕКТОТ СПОМЕН-ДОМ НА МАЈКА ТЕРЕЗА И ДА ГО КРЕНАМ ВО ВОЗДУХ. ДО ТОА ДЕРЕЏЕ МЕ ДОТЕРА МОЈАТА, ВЕЌЕ ОДАМНА НЕПОДНОСЛИВА, СТВАРНОСТ.**

[интервјуто, во скратена верзија, е објавено во неделникот *Глобус* 97 (24.02.2009): 54-7; текстот целосно е објавен во: Вилиќ, Небојша (2009) *Силувајте го Скопје!* (PoD издание) pp 15-41. Скопје: 359°]

**д-р Небојша Вилиќ** *(1962, Велес) (nvilic@sonet.com.mk; www.nvilic.blogspot.com) е редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за драмски уметности.*

арвидас кртина

14

# скопје 2024

*Извадоци од мемоарите на Арвидас Кртина, претседател на коалицијата “Враќање во сегашноста” и премиер на Северна Македонија од 2024 до денес. Арвидас Кртина е роден во Скопје во 1995 година како син на притаен хомосексуалец и невработена заболекарка. Во политиката влегол сосем случајно, преку приклучување на некоја Фејсбук група во 2010. За брзо време се приклуил на коалицијата “Враќање во сегашноста”, каде што напредувал до позицијата претседател. Во 2024 ја предводи Револуцијата против ВМРО-ДПМНЕ.*

*Надвор од политиката тој е исклучително талентиран интелектуалец. Дипломирал на заедничката програма на катедрата по информатика на Факултетот за Компјутерски науки во Пробиштип и социологија на Факултетот за општествени науки и македонизам во с. Чашка, финансирана од Европската Унија. Магистрирал на Одделот за Изучување на Сингуларност и Трансхуманизам во с. Мал-*

**НА ПЛОШТАДОТ, ДОДЕКА ЈА РУШЕВМЕ ЦРКВАТА, ЗА РАЗЛИКА ОД СЛУЧАЈОТ СО КРСТОТ, ИМАШЕ ГУЖВА И ПРОТЕСТИ.**

*коец. Се стекнал со звање Доктор по социјална антропологија и роботика на Меѓународниот универзитет “Дедо Иљо Малешевски” некаде во Малешевијата. Неговата дисертација е на темата: “Методологија на изучувањето на роботоските карактеристики кај општествено значајните личности. Компаративна студија преку случаите на Александар Бичиклиски, Влатко Ѓорчев, Ѓоко Танески и Хелена Роза”.*

(...) Додека членовите на новата Влада даваа заклетва за верност во Собраниската сала, мораше да ги одложиме градежните зафати за отстранувањето на куполите од зградата на Собранието. Во исто време, багерите и булдожерите веќе се упатија на повеќе локации. За час и половина беше демонтиран крстот од врвот на Водно, а бетонската основа урната. Железните прачки ги натоваривме во камиони и ги однесовме во топилницата, за да бидат претопени во шини, за потребите за изградбата на пругата исток-запад која денес сѐ поврзува со Албанија и Бугарија.

На плоштадот, додека ја рушевме црквата, за разлика од случајот со крстот, имаше гужва и протести. Сепак, успеавме да се справиме со надојдениот народ благодарејќи на соработката со Стефан, претседателот на невладината организација МПЦ-ОА, според тогашните закони сѐ уште “црква”. Со него се спогодивме да биде ослободен од шесте обвиненија поврзани со матните бизниси на невладината, ако за возврат ги убеди неговите поклоници дека тоа што го правиме не е ништо страшно.

Спомениците и скулптурите од плоштадот и воопшто од централното градско подрачје ги тргнавме за неполни 48 часа. Со товарни возила беа пренесени во новоформираниот Парк на вајарството “Никола Груевски” во просторот на поранешната Зоолошка градина. Животните кои ја имаа преживеано долгогодишната голгота беа ослободени од ропство и вратени назад во дивината.

Со формирањето на Паркот на вајарството, сакавме да му оддадеме почит и да му се раздолжиме на поранешниот пре-

**РЕШИВМЕ СО ФОРМИРАЊЕТО НА ТАКВИОТ ПАРК ДА МУ ОДДАДЕМЕ ПОЧИТ И ДА МУ СЕ РАЗДОЛЖИМЕ НА ПОРАНЕШНИОТ ПРЕМИЕР, БЕЗ ЧИЕ ДЕЛО НИЕ НЕМАШЕ ДА МОЖЕМЕ ДА ГО ПРАВИМЕ ТОА ШТО ГО НАПРАВИВМЕ.**

миер, без чие дело ние немаше да можеме да го правиме тоа што го направивме. На влезот на паркот беше преместена, парче по парче, триумфалната порта од центарот на Скопје. Веднаш до неа беа поставени лавовите од мостот “Гоце Делчев”. Внатре, пак, просторот решивме да го поделиме на неколку секции: “шмизли”, во делот каде што порано беа кафезите со птиците и камилите, “групни скулптури”, во делот каде што порано беа заточени ѕверовите и рептилите, “модерни скулптури”, во просторот каде што беа мечките и говедата, и главниот дел “историски споменици” го сместивме каде што мајмуните и нилските коњи. Ги раскопавме и островчињата и рекичките и парче по парче ги преместивме и мостовите “Око”, кај шатките, и “Мостот на уметноста”, кој сега го поврзува Паркот на вајарството со Забавниот парк. Се наплаќа заедничка влезница.

Во центарот на Паркот на вајарството, парче по парче беше транспортиран големиот споменик од плоштадот, фонтаната на која беше поставен “Александар”, но без Букефал. Впрочем, беше интервенирано на сите споменици кои претставуваа коњаници - освен Александар, оние на Карпош, Филип, Гоце Делчев, Даме Груев, Никола Карев, Скендербег и самиот споменикот на Никола Груевски кој јаваше еднорог, изграден во 2016. Со пили ги отсековме јавачите од седлата, како симболичен протест против историското угнетување на коњите и нивното користење во воени цели. Јавачите ги поставивме на сајбијан машини во знак на сексуалното ослободување, една од нашите платформски определби.  На еднорогот на Груевски, му беше отсечен и рогот, како симболичен акт на расчистувањето со митолошките наративи.

Од друга страна, на самиот плоштад, на местото на споменикот, поставивме холограм. Сметавме дека со исполнувањето на планот 2014 и со неговото еднодецениско опстојување, Македонија успеа да ги надополни испуштените фази од минатото, па затоа решивме да се “вратиме во сегашноста” на

21-иот век. Холограмот е современо, еколошко решение кое воопшто не зазема јавен простор. Неговата перманентна проекција се состои од анимирана верзија на фонтаната со споменикот “Александар на Букефал”, но и од уметничкиот филм “Александар на Хефастијон”, кој е дел од новата владина програма “Животот е мојот порно-филм”. Кампањата е фокусиран на сексуалниот живот на античко-македонскиот крал и ги опфаќа интимните доживувања на Александар со неговиот татко, со неговата мајка, неговите воини, неговите конкубини, а се прикажуваат и масовни сцени во кои се вклучени египетски аристократи, робови и персиски принцези. Народот отпрвин се противеше на ваквата промена на содржините “емитувани” на градскиот плоштад, но наскоро се прилагоди.

Се разбира, за празници и посебни пригоди на холограмот емитуваме специјални содржини, како на пример обраќањето на доживотниот претседател Иванов. Инаку, сосем случајно тој се најде на функцијата доживотен претседател - армијата ја расформиравме (немаше веќе кому да биде врховен командант), ингеренциите и онака му беа скусени - па решивме да ги укинеме претседателските избори и да ѝ додеме чисто симболично значење на функцијата претседател. Тој и онака си функционираше сосема бенигно, а беше човек од народот - па затоа решивме да биде прогласен за доживотен претседател и маршал - веќе имаше воведено фанфари, и остануваше само да му се скрои посебна униформа, со светкави детали, еполети, национални симболи и шапка со синтетички пердув на неа. Репликата на офицерскиот дом наместо да ја рушиме, ја направивме негова резиденција за да може да држи прес конференции и да се обраќа до народот од својот балкон. Кога држеше говори, холограмот поставен на плоштадот го користеше како идиот од кој ги читаше сопствените говори, сè до моментот кога поради изнесен гаф не почна да обвинува наводна хакерска група, која му подметнала спорната фраза во холограмот.

Што се однесува до програмата за сексуална либерализација, тука веќе преземавме и понатамошни мерки. Мини трговски-

от центар изграден на местото каде што се наоѓаше бившата “коцка”, беше урнат. На меѓупросторот од поранешната црква (урната за неполни 2 дена) и мини-трговскиот, изградивме нова спомен-куќа на Скопјанката Мајка Тереза, која има и хуманитарна намена. Во неа е сместена новата “Социјална установа за сексуално здравје” под директна надлежност на одделот за сексуално здравје при Министерството за здравство. Во неа се вработија стотина сексуални работнички и работници. Нивните услуги сепак се достапни само со бонови од Министерството, кои обично се издаваат по препорака на комисијата која има за цел да утврди високо ниво на сексуална фрустрација. Оние најисфрустрираните добиваат по едно бонче месечно.

Кампањата “Животот е мојот порно филм” и “Социјалната установа за сексуално здравје” се ефектуираа многу брзо. Според некои истражувања, веќе следната година Македонија стана земјата во која се трошат најмногу кондоми по глава на жител во светот, а во исто време почна забележува зголемен природен прираст. Иако ние не забележавме значителни економски резултати, се стекнавме со голема поддршка и доверба која сеуште нè држи на власт.

Старата спомен-куќа на Мајка Тереза, познатото скопско “чудовиште”, беше пренаменета во објект за арт-перформанс на Вангел Божиновски. Архитектот, како крунисување особениот придонес во јавната уметност, беше приморан самиот, со копач, дел по дел, да ја урива спомен куќата. За време на перформансот носеше антично-македонска носија и зборуваше исклучиво на антично-македонски јазик. Како негови помошници беа ангажирани физичарите Аристотел Тентов и Томислав Бошевски. Перформансот понатаму успеа да привлече огромен број туристи, кои ги користеа паузите за сликање со запотениот изморен архитект. Бидејќи тој говореше исклучиво антично-македонски, Тентов и Бошевски им преведуваа и на домашните и на странските што тој говори. Во исто време, држеа лекции по антично-македонски јазик, преку објаснувањето на писмото од Каменот на Розета, чија реп-

**ЦЕЛОСНО ОСТАВЕНИ БЕА ДВА СТОЛБА, ТРИ СТОЛБА БЕА СРУШЕНИ ДО ПОЛОВИНА, А ОСТАТОКОТ ДЕЛУМНО СРУШЕН И ЕСТЕТСКИ ОШТЕТЕН, ЗА ДА СЕ ДОБИЕ ЕФЕКТОТ НА "СОВРЕМЕН АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ".**

лика им беше обезбедена со посебен фонд од Министерството за Здравство.

Античката зграда на Уставниот суд и останатите институции исто така ја урнавме, но не до темел. Основата послужи за формирање на "Археолошки музеј на отворено". Целосно оставени беа два столба, три столба беа срушени до половина, а остатокот делумно срушен и естетски оштетен, за да се добие ефектот на "современ археолошки локалитет". Во локалитетот го вработивме Паско Кузман кој до ден денес ги пречекува туристите ширум светот и им ја раскажува приказната за потеклото на Македонците. Навечер, пак, мултидисциплинарниот локалитет се претвора во игралиште за пеинтбол, во кое што гостите можат да изберат неколку сценарија за играње, меѓу кои најпопуларно е она во кое тие се поделени во два тима: СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. Тие се всушност базирани на историските политички партии чија долгогодишна борба за превласт ја доведе Северна Македонија до пропаст. Тие исчезнуваа под налетот на разгневените маси во времето на банкротот со кој Северна Македонија се соочи кога беа распишани седумнаесетите предвремени избори од страна на Владата на ВМРО-ДПМНЕ.

Единствено не ја допревме новата зграда на филхармонијата. Но, зградите пред неа ги урнавме за да не го попречуваат видикот. Зградата на Музејот на македонската борба, пак, ја пренаменивме во ново седиште на Архитектонскиот факултет, кој конечно беше раздвоен од Градежниот. Младите студенти на архитектура веднаш почнаа да интервенираат во изгледот на зградата. Со текот на времето, таа помприми сосема постмодерен изглед, и не престанува да се менува. Впрочем, дипломските работи на студентите се состојат во преправање на одредени делови од ентериерот и екстериерот.

Восочните фигури од Музејот, пак, ги продадовме на аукција во дијаспората. Имаше големо наддавање. (...)

## разговор со Ана Ивановска, архитект

разговорот го водеше: Љубица Гроздановска Димишковска

15

# неред и гротеска

**Предизвикавте голем интерес со Вашата теза бидејќи ја браневте во време кога сите дебатираат за „Скопје 2014“. Магистриравте на заштита на објектите од модерната. Дали може да ни објасните што точно подразбира таа?**

→ Идејата за овој труд лежи во архитектонските случувања кај нас, во еден не така кус период, во нашиот однос кон изградената средина општо, а особено во односот (попрецизно, немањето однос) кон објектите од Модерната, кои опстојуваат во состојба на постојана агресија, на крајна нечувствителност кон изграденото и се вон каква било размисла за стручно и научно вреднување. Во период од 40 до безмалку 80 години од нивната изградба, речиси без исклучок овие објекти се наоѓаат во ранлива фаза и имаат потреба од сериозни интервенции кои кај нас се главно стихијни, без стра-

тегија и без претходно детално истражување, во таа смисла - нестручни, деструктивни и штетни по објектот.

Освен поради внатрешните причини за загрозеност (стареење на материјалот, потреба за обнова и слично) тие уште се и предмет на јавно недопаѓање. Феноменот на транзицијата кој ги зафати постсоцијалистичките земји, вклучително и Македонија, меѓу другото се манифестираше и со обид да се пребрише и негира сè што историски и материјално може да реферира кон претходниот политички систем... (што не е исклучиво македонски феномен... истите симптоми може да се препознаат и во другите постсоцијалистички земји). Во оваа актуелна потрага по некаков квази идентитет, во време на нагласена тенденција кон историцизам и препокривање на градското ткиво кое генерално датира од 60-тите и 70-тите, со уфрлање на објекти со историски интерпретации се чини дека објектите од Модерната никогаш не биле позагрозени.

➔ **Посочувате и дека објектите од Модерната треба и мора да се одржуваат, но не и да бидат споменици на културата. Зошто?**

→ Интересот за Модерната и нејзиното превреднување е глобален тренд. Архитектурата на Модерната која ја обележува архитектонската мисла во поголемиот дел од 20 век е веќе прифатена како културна традиција и вреднувана поради квалитативниот скок кој го воведува на општествено-економски план, на полето на технологија и стандардизација, на функционален и естетски план. Најдобрите примери на Модерната се антологиски објекти во кои овие полиња на значење се преклопуваат. Постоењето вакви исклучителни објекти во светски рамки го отвора процесот на препознавање и вреднување со цел да се сочува автентичноста и идејата вградена во нив. Архитектурата на Модерната и нејзиниот третман веќе дваесетина години е во фокусот на најрелевант-

ните институции за заштита на историско наследство на глобално ниво (UNESCO, ICOMOS (International Council on Monuments and Sites), DOCOMOMO (International Comitee for Documentation and Conservation of buildings, sites and neighbourhood of the Modern Movement).

**ИНТЕРЕСОТ ЗА МОДЕРНАТА И НЕЈЗИНОТО ПРЕВРЕДНУВАЊЕ Е ГЛОБАЛЕН ТРЕНД. АРХИТЕКТУРАТА НА МОДЕРНАТА КОЈА ЈА ОБЕЛЕЖУВА АРХИТЕКТОНСКАТА МИСЛА ВО ПОГОЛЕМИОТ ДЕЛ ОД 20 ВЕК Е ВЕЌЕ ПРИФАТЕНА КАКО КУЛТУРНА ТРАДИЦИЈА.**

Кога веќе не сме во можност да ги креираме, добро е барем да сме информирани и да ги следиме и прифатиме ваквите светски движења.

Поважно е она што Скопје го добило по земјотресот

**Ја застапувате тезата дека на архитектурата на Скопје треба посебно да се гледа во периодот по земјотресот, а не претходно, односно треба да се постави суштинското прашање што Скопје има добиено после земјотресот. Што подразбирате под ова?**

→ За голем број жители на Скопје, периодот на 60-тите сеуште има директна автобиографска вредност и е дел од текстурата на нивните животи. Во таа смисла, настаните поврзани со самиот земјотрес и сите активности за обнова кои следат имаат посебна историска и мемориска вредност. Она што засекогаш останува во меморијата на жителите на Скопје е сликата на срушениот град. Оттогаш наваму, постојано и со носталгија се оживува меморијата и (делумно) се идеализира сликата за она што земјотресот неповратно го однел со себе, пред сѐ имајќи ги на ум неколкуте најрепрезентативни објекти за кои општата јавност се чини нема дилема дека претставуваат вредно архитектонско наследство (Офицерскиот дом -

Баумгартен (1929-1963), во моментот на рушење стар 34 год., Народниот театар - Букавац (1921/7-1963), стар 36 год, Народната банка - Несторовиќ (1927 - 1963), стара 36 год.)

Немам за цел да ги обезвреднувам овие објекти, само сакам да нагласам дека денес, по период од речиси 50 години (период сосема доволен за објективност во вреднувањето), се чини праведно да се отвори прашањето за вредноста на она што како директна последица на земјотресот е создадено во Скопје. Ургентноста на состојбата по земјотресот и специфичниот феномен на брза изградба може да се спореди со состојбата по Втората светска војна во многу европски градови, по потребата од рационални решенија, употребата на индустриски произведени елементи и економични методи на градба. Овој момент ја активира светската јавност во дотогаш незапамтени размери. Квантитативната обнова на градот му носи и значителен број квалитетни објекти, сосема во чекор со современите архитектонски пракси на своето време.

➔ **Како млад архитект, какви решенија нудите за објектите кои се интерес на Вашата теза?**

→ Тезата не нуди готови решенија... таа има за цел да отвори прашање за една архитектура која е надвор од перцепцијата во моментов, а која на глобално ниво се разгледува веќе подолг период. Многу е опасно во архитектурата (подеднакво во проектирањето на нови како и во третманот на веќе изградени објекти) да се нудат однапред одредени и готови решенија. И проектирањето и заштитата имаат своја востановена методологија, со свои принципи, постапки и редослед, но секој објект е проблем за себе и како таков треба да се третира, да му се пристапи сериозно и истражувачки. Само на тој начин може да се дојде до квалитетно решение.

➔ **Во Вашата теза се осврнувате на објектите градени во периодот помеѓу 20-те и 70-те години на 20 век и велите дека**

**обичните граѓани не ги забележуваат низ Скопје иако ги има. Може ли да посочите некои такви објекти, зошто луѓето не ги забележуваат и со какво значење се тие објекти за Скопје?**

→ Неможноста општата јавност да ги препознае „од прва" овие објекти како вредност воопшто не изненадува. Посебната, автономна естетика на Модерната, чистотата на нејзиниот израз, степенот на апстракција и материјалноста соодветна на тогаш новото, индустриско време ја прават оваа архитектура „недопадлива". Прочистена од непотребна декоративност и сведена на совршена функционалност, човекомерна по својата природа, оваа архитектура е лишена од монументалноста и репрезентативноста која вообичаено очекуваме да ја препознаеме кај еден културно-историски споменик. Модерната архитектура е своевидна критика на контекстот во кој е настаната, а кој на почетокот на 20 век е заглавен во академизам и еклектицизам. Таа постојните формални и естетски вредности ги заменува со нови интелектуални и уметнички вредности. Дури и најзначајните примери на оваа архитектура, повеќеслојни во своето значење, е тешко или невозможно на прв поглед да се препознаат како вредност, особено од некој кој е архитектонски неедуциран. Меѓутоа, архитектурата во таа смисла не е осамен случај. И во литературата и во музиката и во филмот, во сите уметности всушност, неедуцираната јавност е склона да посегне прво кон допадливото. Затоа и постојат музички, филмски, архитектонски критичари - за да укажат на вредностите и да едуцираат. Она што мене ме зачудува е недовербата на нашата јавност кон архитектонските историчари, теоретичари и критичари. Можеби грешам, но имам впечаток дека во другите уметности (ликовна уметност, филм, музика, литература...) постои поголема отвореност кон нови текови, додека свеста на јавноста

ОНА ШТО МЕНЕ МЕ ЗАЧУДУВА Е НЕДОВЕРБАТА НА НАШАТА ЈАВНОСТ КОН АРХИТЕКТОНСКИТЕ ИСТОРИЧАРИ, ТЕОРЕТИЧАРИ И КРИТИЧАРИ. МОЖЕБИ ГРЕШАМ, НО ИМАМ ВПЕЧАТОК ДЕКА ВО ДРУГИТЕ УМЕТНОСТИ (ЛИКОВНА УМЕТНОСТ, ФИЛМ, МУЗИКА, ЛИТЕРАТУРА...) ПОСТОИ ПОГОЛЕМА ОТВОРЕНОСТ КОН НОВИ ТЕКОВИ, ДОДЕКА СВЕСТА НА ЈАВНОСТА ЗА АРХИТЕКТУРАТА СЕ ЧИНИ НИКАКО НЕ МОЖЕ ДА СЕ ПОМЕСТИ ОД ПРАГОТ НА 19 КОН 20 ВЕК.

за архитектурата се чини никако не може да се помести од прагот на 19 кон 20 век.

**➔ Како пример за објект од Модерната, посебен акцент ставате на скопското основно училиште „Песталоци“. Зошто?**

➔ Целта на мојот труд беше воспоставената методологија за заштита на културно наследство да ја проверам врз еден конкретен објект (студија на случај), да ја согледам нејзината применливост и спецификите кога се аплицира врз објект од Модерната, со тоа воедно да биде и првиот чекор во создавање на долгорочна стратегија за овие објекти. Основното училиште „Јохан Хајнрих Песталоци“ беше избрано како еден исклучителен пример на Модерната во Скопје - објект кој има веднаш препознатливо повеќеслојно значење: (1) како симбол на светската солидарност за Скопје по земјотресот, настан кој засекогаш ќе биде дел од меморијата на неговите жители; (2) објект проектиран од познат архитект - Алфред Рот - кој поголем дел од својот живот посветил на истражување на нови концепти за училишни објекти соодветни за современите принципи на едукација кои токму Песталоци (еден од најпознатите педагози) ги поставува пред повеќе од 150 години, а сеуште се релевантни и денес; (3) објект кој има извонредно архитектонско решение кое во Македонија не е повторено, а уште помалку надминато; и (4) објект кој во конструктивна смисла е пионерски на глобално ниво и е швајцарски придонес на полето на асеизмичка градба.

МОЈАТА МЕМОРИЈА Е ВРЗАНА ЗА ЧЕВЛИЧКИ ОД ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР И ПАНЦЕРОТАТА ОД „ЖИТО ЛУКС“ ПОСЛЕ ТОА... ЗА ЦРВЕНОТО КАПУТЧЕ ОД СТОКОВНА И СЛОНЧИЊАТА НА ПАРИЧКА ПРЕД НЕА... ЗА МЕНЕ ПРВАТА ИЗВЕДБА НА ЛЕБЕДОВО ЕЗЕРО ВО „ОПЕРА И БАЛЕТ“ ПО ШТО ОЧАЈНО САКАВ ДА СТАНАМ БАЛЕРИНА И ВОЗБУДАТА ОД СВЕТЛАТА НА ПОДОТ ВО ТЕСНИОТ КОРИДОР ПРЕД ДА СЕ ВЛЕЗЕ ВО САЛАТА...

**Тоа не е само пример од областа на архитектурата, туку е и едно од многуте училишта во земјава за кои нема пари за да се одржува така како што првично било замислено. Каде е пропустот?**

→ Пропустот лежи во нашата генерална негрижа кон изграденото и во погрешното верување дека новите објекти се бесконечно трајни и не им треба тековна грижа. Некако типично за нас е да се дозволи нештото да се руинира до степен на неупотребливост, па потоа да треба огромна инвестиција за да се врати назад во добра состојба. Притоа не мислам на мојот конкретен пример, туку на многу други објекти кои имаат слична и полоша судбина. Основното училиште „Јохан Хајнрих Песталоци“ во таа смисла е позитивен пример. Наспроти недостатокот на средства, неговата управа во текот на целото работење на објектот (во 2009 год. училиштето ја прославуваше својата 40-годишнина) е свесна за неговата вредност и вложува максимални напори да ја сочува автентичната состојба.

**Велите дека не само Македонија сака да заборави на социјалистичкиот систем преточен во постоечката архитектура која сака да ја избрише таа естетика. Кои се другите земји кои сакаат да стават нова фасада на постоечките објекти и зошто се прави тоа?**

→ Постсоцијалистичката транзиција е феномен кој не ја зафати само Македонија. Различните земји од соседството на различен начин реагираат на ваквата состојба која главно се манифестира со неформална и често нелегална градежна активност, со импровизирана архитектура во која честопати

и не учествува архитект, со потрага по нова естетика која по секоја цена треба да биде различна од онаа што се поистоветуваше со претходниот систем. Сведоци сме на еден општ пад на вредностите, на културата и на едукацијата. Ваквата состојба се одразува и во уредувањето на просторот. Европа веќе ја истражува оваа архитектура како своевиден феномен. Токму минатата година, прво во Базел, а потоа и во Архитектонскиот центар во Виена беше поставена изложба и одржана конференција под наслов „Балканологија“ на која се дискутираше овој феномен. Во една ваква средина ,извонредната архитектура на поранешните југословенски простори од 60-тите и 70-тите години е спротивставена на новите, тековни случувања.

**➔ Која е меморијата на/за Скопје?**

→ Зависно за чија меморија станува збор. Мојата меморија за Скопје е различна од таа на мојата мајка и различна од таа на мојата баба. Баба ми одела на матине во офицерски дом... мајка ми низ магла се сеќава на овие објекти, во театарот дали неколку пати стигнала да влезе... Мојата меморија е врзана за чевлички од Градски трговски центар и панцеротата од „Жито Лукс“ после тоа... за црвеното капутче од Стоковна и слончињата на паричка пред неа... за мене првата изведба на Лебедово езеро во „Опера и балет“ по што очајно сакав да станам балерина и возбудата од светлата на подот во тесниот коридор пред да се влезе во салата... Моја меморија е гимназијата „Никола Карев“.Тоа е моето Скопје. Секаков обид да се изгради нешто ново, а воедно „постаро“ од она што веќе постои за мене е лага и не можам да сфатам како мојата генерација може да се помири со тоа. Тажно е да се живее во желбата да се биде некој друг.

## Апсурдно враќање во минатото

**➔ Вие сте дел од неформална група на млади архитекти. Што мислите за проектот „Скопје 2014“?**

→ Пак ќе речам... тажно е да се живее со желбата да се биде некој друг. Враќање 100-150 години назад, во времето на некритична еклектична употреба на разни стилови за мене денес е апсурдно. Скопје одеднаш се повикува на европските градови, но не на европските градови денес, туку пред век и половина. Иритира тезата за воведување историја преку градење нови објекти со стари ликови, уште повеќе преку „преоблекување“ на веќе постоечките. Тоа создава една гротескна слика.

Не знам зошто се инсистира на воведување историја во Скопје, како Скопје досега да ја немаше. Мислам дека токму тоа е одлика на непознавање на сопствената историја, традиција и идентитет. Во таа смисла, би ја запрашала јавноста која го поддржува овој проект, кога последен пат го посетиле Скупи и дали воопшто знаат каде се наоѓа, дали знаат кога и зошто е изградено Калето, дали чуле воопшто во што е вредноста на фрескоживописот во Св. Пантелејмон во Нерези, дали некогаш ја загледале прекрасната декорација во Даут Пашин Амам, биле на концерт во Куршумли ан, или се спуштиле по скаличките на Св. Спас да го видат прекрасниот иконостас од 19 век. И тука ќе запрам со набројувањево кое може долго да трае. Тоа е историја од преку 2000 години која за жал пошироката македонска јавност речиси не ја познава. Токму главната одлика на овој град е напластеноста/наслоеноста на различни периоди со своите различни изрази. Тоа можеби создава фрагментирана слика за градот, но е сведоштво за континуитетот на неговото живеење и изграден доказ за тоа дека секое време ја остава својата трага, создава свој израз, своја архитектура. Не смееме да дозволиме денес да остане-

**ВИСТИНСКАТА АРХИТЕКТУРА ОТСЕКОГАШ ДОСТИГНУВАЛА УБАВИНА ВРЗ ОСНОВА НА РАЦИОНАЛНА МИСЛА. АРХИТЕКТУРАТА СЕ ЗАСНОВА НА РЕД. ЗА ЖАЛ, ОВДЕ ТОА НЕ Е СЛУЧАЈ.**

ме безизразни и трагата која ќе ја оставиме да биде лузна врз градот.

**Како дел од таа група, имате ли Ваши идеи и проекти како треба да изгледа модерно Скопје?**

→ Групата се вика SCArS (Skopje Contemporary Architecture Studio). Таа е неформална група, составена од млади луѓе. Нејзината борба е преку основниот архитектонски медиум за изразување - цртежот, да ги искаже ставовите во однос на архитектурата, во однос на тоа каква треба да биде архитектурата на Скопје денес... Не станува збор за некакви футуристички визии за иднината, туку пред се“ за конкурсни проекти работени за „овде и сега“, кои може да се изведат со нашите рудиментирани средства, емпатични кон веќе изградениот контекст. За жал, ова е сеуште архитектура на хартија. Овие конкурсни трудови, иако наградувани, веројатно никогаш нема да бидат изведени. Во таа смисла беше и организацијата на изложбата 100.000 м2 за Скопје на SCArS и бирото Архитектри, во ноември 2009 година, во Музејот на град Скопје - како соопштување на нашите лични ставови и моментни искуства формулирани како стручни предлози за една нова архитектонска, урбана, културна и социјална метрополизација на нашиот град!!!

**Колку како млади архитекти имате шанса Вие да ги кажете Вашите размислувања за некаков нов изглед на Скопје како метропола?**

→ Секогаш постои начин да се искаже ставот, преку збор или уште подобро, преку цртеж. Вистинското прашање е колку таквиот став ќе наиде на одзив. Архитектонскиот конкурс,

институција која до скоро беше во заборав, е вистинскиот начин младите архитекти да го искажат своето мислење во однос на архитектурата и да дадат свој придонес во реконструирањето на запуштената архитектонска култура.

**ЕДИНСТВЕНО ШТО Е ТРАЈНО И ВЕЧНО Е ПРОМЕНАТА. ОНА КОН ШТО ТРЕБА ДА СЕ СТРЕМИМЕ Е ДА СЕ ОСЛОБОДИ МИСЛАТА, А ОНА ШТО СЕ СОЗДАВА ДА БИДЕ ОДГОВОР НА СВОЕТО ВРЕМЕ, ДА БИДЕ СООДВЕТНО НА ОБЛЕКАТА ШТО ЈА НОСИМЕ, ТЕЛЕФОНИТЕ СО КОИ ЗБОРУВАМЕ, АВТОМОБИЛИТЕ ШТО ГИ ВОЗИМЕ.**

Она што може да се проблематизира е на каков начин се спроведуваат овие конкурси, од нивното распишување, нeретко самата постапка на оценување, сè до логичниот завршен чин - градењето на наградените трудови.

**Што Вие би направиле поинаку?**

→ Би настојувала секогаш да се инсистира на прогресивна мисла и квалитет. Современите концепти во архитектурата се единствената алатка со која може и треба да се делува врз градското ткиво.

3Д визуелизација во термин на мечето Ушко!?

**Во целата дебата околу новите архитектонски решенија за новиот изглед на нашата метропола, се добива впечаток како архитектите да се во дефанзива веќе подолг период, било да се работи за неформални групи, за претставници на Архитектонскиот факултет, било да се здруженија на архитекти. Што мислите, на што се должи тоа?**

→ Ова е многу комплексно прашање. Веројатно се должи на целата оваа, во суштина не-транзициска состојба, на пореметениот систем на вредности, на општата апатија која ги има

зафатено интелектуалците, на недостигот од критична маса, но секако и на ниското културно ниво и на односот кон оваа професија. Реакции има, можеби не на ниво на институции, иако лично сметам дека и институциите треба да застанат и излезат со јасен став бидејќи се клучни во професијата. За жал, и постојните реакции знаат да бидат погрешно толкувани и припишани на различни видови на инструирање.

➔ **Јавноста е поделена околу проектот „Скопје 2014“. Што мислите, колку јавноста е свесна за тоа што се планира да се прави и што треба за да се добие конструктивна дебата?**

→ Сметам дека дискусијата околу целото ова прашање се води во погрешен правец, па се сведе на тоа јавноста, сосема површно, да лицитира дали „ѝ се допаѓа“ ликот на „новиот“ град или не. Не се работи за чисто прашање на естетика и допадливост на новата архитектонска кулиса што се заговара. Велам кулиса бидејќи на никаков начин не е поврзана со она што е зад неа. Тука се прескокнаа многу чекори кои се востановени во пракса - план, модел/макета на делот од градот, јавна расправа, усвојување. 3Д визуелизацијата презентирана во термин за мечето Ушко не е начин на презентација на архитектонски проект. Архитектурата е позадина врз која се одвива нашиот живот, средина во која се случуваат секојдневните искуства и во таа смисла голема е одговорноста кога се носи одлука за зафат од олку сериозен обем. Ваквата улога на архитектурата бара одговорност и од граѓаните, бара општество кое е информирано за вредностите и квалитетот. Не сум убедена дека тоа е сфатено. Сосема друго прашање е исправноста на воведување една ваква естетика во 21 век. Вистинската архитектура отсекогаш достигнувала убавина врз основа на рационална мисла. Архитектурата се заснова на ред. За жал, овде тоа не е случај.

**Се планира да се сменат и фасадите на објекти околу плоштадот кои се заштитени и се објекти од културно значење. Дали и тие објекти се во интерес на Вашето истражување?**

→ Моето истражување се однесуваше на генералните насоки и методологијата за заштита врз само еден конкретен пример, а тоа е објектот на осмолетката „Јохан Хајнрих Песталоци“ во Скопје. Истражувањето беше со цел да биде апликативно и да може да послужи како модел и за други објекти. Што се однесува до менување на фасадите на постојните објекти околу плоштадот, сметам дека е крајно несериозно и недозволиво да се изведе еден таков зафат врз основа на нечија произволна проценка. Во светот постои професионална етика и авторство. Ако не грешам, и кај нас се залагаме за авторство - притоа тоа не треба да се однесува само на музички ЦД-а или пиратски софтвер... прашањето за авторство подеднакво треба да се однесува и на нечие архитектонско творештво.

**Ако сега се прави обид да „се избрише“ архитектурата од претходниот систем, условно кажано, утре на некого може да му текне да „ја избрише“ планираната архитектура и така во недоглед. Кој треба да ја постави матрицата и визијата за тоа како Скопје треба да изгледа „вечно“?**

→ Погрешно е да веруваме дека може да се постави визија за тоа како ќе изгледа градот вечно. Светот се менува со таков чекор што тешко може да се донесе едно такво предвидување. Единствено што е трајно и вечно е промената. Она кон што треба да се стремиме е да се ослободи мислата, а она што се создава да биде одговор на своето време, да биде соодветно на облеката што ја носиме, телефоните со кои зборуваме, автомобилите што ги возиме. Не смее да се заборави дека она што денес љубоморно го чуваме како традиција и историја своевремено било врвното техничко и технолошко остварување. Во однос на пребришувањето... Архитектурата

на Модерната и повоениот период во многу земји, а кај нас периодот по земјотресот во Скопје, многу често се обвинува за прекин со традицијата и обид за пребришување на нешто во име на нешто друго, ново и подобро. Денес сме сведоци на обид за едно ново пребришување - во случајот на Скопје, којзнае кое по ред.

„Фокус“, 19.02.10.

*Младата архитектка и асистентка на Архитектонскиот факултет во Скопје Ана Ивановска неодамна магистрираше на овој факултет, во „најжешкиот“ период во земјава, кога го фати пикот на дебати, расправи и анализи на проектот „Скопје 2014“. Ивановска магистрираше со трудот „Утврдување методи и постапки за заштита на објекти од периодот на Модерната во Република Македонија преку примерот на основното училиште Јохан Хајних Песталоци во Скопје“. Таа е асистент на Институтот за историја на архитектура и уметност на стар, среден и нов век, современа архитектура и уметност, како и на група предмети за заштита на градителското наследство. Добитник е на Инженерски прстен за најдобар дипломиран студент во 2002 година.*



георги константиновски
борис чипан
јасмина siljanoska

ана ивановска
минас бакалчев
јован ивановски
владимир петрушевски
небојша вилиќ
сузана милевска
копач
арвидас кртина
ирена цветковиќ
пандалф вулкански

едиција ГРАДАГ

книга 2

14 автори

**КРАДАТ ГРАД!**

зборник текстови за проектот „Скопје 2014“

книга 3

никола гелевски

**АРХИТОРТУРА & ГРОБАЛИЗАЦИЈА**

текстови за градот

ТЕМПЛУМ

ПЛОШТАД СЛОБОДА